

ОД АРТЕФАКТ ДО ИДЕНТИТЕТ

СЕДУМ ДЕЦЕНИИ КУЛТУРНА МЕМОРИЈА











НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Прилеп

ОД АРТЕФАКТ ДО ИДЕНТИТЕТ, СЕДУМ ДЕЦЕНИИ КУЛТУРНА МЕМОРИЈА

Заштитна дејност и поставки

Прилеп 2025

Издавач:
НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Прилеп

За издавачот:
Мимоза Христоска

Уредници:
Биљана Темелкоска
Паре Заревска

Дизајн на корица:
Ирина Христоска

Компјутерска обработка и дизајн:
Биљана Темелкоска

Фотографии:
Димитрија Димески

Лектор:
Елена Апостоловска

Печати:
„Андриано“, Прилеп

Тираж:
70

Монографијата е финансиски поддржана од Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија во рамки на проектот „70 години НУ Завод и Музеј - Прилеп“

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

ЗАШТИТА И КОНЗЕРВАЦИЈА НА НЕДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

АРХИТЕКТУРА

Концентрацијата на богато архитектонско културно наследство во Прилеп и неговата околина ја иницира потребата од формирање Одделение за архитектура во рамките на Народниот музеј во 1981 година. Состојбата на спомениците на култура во поширокото прилепско подрачје наложувала, во еден подолг временски период пред 1981 година, врз нив да се извршат истражувачки и конзерваторски работи. Така, стручни екипи од Републичкиот завод за заштита на спомениците на култура – Скопје интервенирале на црквите „Св. Никола“ во Варош (1961 година), „Св. Никола“ во село Манастир, Мариово (1965-1970 година) и „Св. Архангел Михаил“ во Варош (1980-1985 година).

Потребата од извршување повеќе дејности кои произлегуваат од состојбата на културното наследство, неговата намена како и степенот и видот на загрозеност, определиле активностите во Одделението за архитектура да се развиваат во повеќе насоки.

Еден од главните приоритети при отпочнувањето со работа на одделението беше изработка на документација за постојната состојба на недвижното културно наследство. Изработени се дескриптивна, техничка и фото документација за поголем број значајни објекти од сакрална и профана архитектура, односно за цркви од византиски и поствизантиски период, како и за дуќани во старата чаршија.

За поцелосен преглед и утврдување на состојбата и бројноста на спомениците на културата во периодот од 1988 до 1991 година извршени се евиденција и увид во состојбата на недвижното културно наследство. Притоа, евидентирани се сите цркви во населените места на територијата на општината Прилеп, од кои поголемиот дел се од XIX век, но исто така регистриран е и одреден број поствизантиски цркви кои дотогаш не беа познати во стручната литература.

Во Одделението за архитектура е изработена фото и техничка документација за повеќе позначајни објекти од градската архитектура.

Во последните години се изведува и проект за евиденција и увид во состојбата на објекти од руралната архитектура во селата во прилепскиот дел од Пелагонија и Мариово.

Со развојот на Одделението за архитектура и дооформување на неговиот кадровски потенцијал се отпочна со истражувачки работи, изработка на проекти за заштитни интервенции и конзерваторско-реставраторски работи врз значајни објекти – споменици на култура, како и нивна реализација.

Освен од заштитната дејност, одделението третира области и од музејската дејност, односно работи на изготвување документација при археолошки истражувања, како и на просторно дефинирање и естетско обликување изложби од областа на археологија, историја, историја на уметност и етнологија кои ги организира НУ Завод и Музеј – Прилеп.

Преглед на позначајни архитектонски споменици на културата

Византиска архитектура

Црквата „Св. Никола“ во Варош е еден од најзначајните објекти во Македонија од византинскиот период, од чии фасади лесно може да се согледаат две градителски фази. Првобитната, мала еднокорабна црква изградена од камен со користени антички сполии, била подигната околу 1200 година. Втората градителска фаза, односно денешниот изглед на црквата со богата керамопластична декорација на фасадите датира од 1298 година и е одраз на карактеристичните движења во доцновизантиската архитектура. Во 1959 година се започнати археолошки истражувања во црквата и околу неа, а процесот на конзервација на архитектурата и живописот на црквата е реализиран во 1961 и 1962 година. Во 1977 година е изведен дренажен канал околу црквата, а по истражувачките работи на покривната конструкција е поставен привремен покрив. Во 2000 година е изработен проект за конструктивна консолидација и конзервација на покривната конструкција, а проектот е реализиран во 2003 година.



Црква „Св. Никола“ во Варош, Прилеп

Црквата „Св. Димитрија“ во Варош е комплексна градба од повеќе фази реализирани во XIII и XIV век. Во денешниот облик таа однадвор делува како крстовидна црква со купола со дванаестостран тамбур, со тоа што јужното крило е на пониско ниво од другите. Во обработката на фасадите е употребена богата керамопластична декорација.

Археолошките истражувања во и околу црквата „Св. Димитрија“ се започнати во 1959 година и продолжени во 1965 година, додека од 1960 година започната е конзервација на живописот која трае до 1970 година. Конзерваторско-реставраторски работи на архитектурата на црквата се изведени во 1968 година. Во 2003 година е извршена конзервација на покривната конструкција и препокривање на црквата.



Црква „Св. Димитрија“, Варош, Прилеп

Првобитната црква во манастирскиот комплекс „Св. Архангел Михаил“ во Варош подигната во XII век била мала еднокорабна црква со полукружна апсида, врз која подоцна на западната страна е доградена припрата со купола на пандантифи, којашто подоцна е срушена. Денешниот облик манастирскиот комплекс го добива по големата градителска активност во 1861 година, кога се изградени конаците и кулата камбанарија над тремот на црквата. Манастирските конаци се прекрасен пример за високите естетски квалитети на нашето градителство и префинетото чувство на градителот за вклопување на архитектурата во природниот амбиент и конфигурација на теренот. Двата монолитни камени столбови врз кои се потпира покривната конструкција на тремот, се остатоци од антиката. На северниот столб откриен е врежан натпис од 996 година во кој се споменува епископот Андреа. Ова е втор по старост словенски запис со кирилски букви.

Во 1964 година се започнати археолошки истражувања во црквата и околу неа, а во периодот од 1964 од 1969 година врз западниот конак е извршена конзервација и реставрација. Кулата камбанарија изградена над тремот со последните конзерваторско-реставраторски работи коишто беа преземени врз црквата во осумдесеттите години, беше срушена и беше реставрирана куполата над припратата. Во 1981 година отпочнат е процесот на конзервација на живописот. Од 1999 до 2004 година се изведоа санациско-конзерваторски зафати врз одводните канали за атмосферската вода и канализационата мрежа, околу и во западниот конак, како и санациско-конзерваторски работи проследени со реконструкција на одделни, најзагрозени партии од оградниот ѕид од манастирскиот комплекс. Во 2005 година изведен е и дренажен канал околу северната и источната страна од црквата. Во 2006 година, изведен е помошен објект со гаражи за потребите на манастирот, како и заокружување на целосното поплочување на патеките во внатрешноста на манастирот како патеката и скалите пред главната порта од манастирот. Во 2015 година изработен е проект за темелна реконструкција на источниот конак кој се реализира во 2017 година со што се заокружија активностите со кои овој манастир ја постигна потребната и планираната физиономија за потребите како на неговите сопственици Македонската православна црква, но и за потребите на сите добронамерници.



Манастир „Св. Архангел Михаил“, Варош, Прилеп
Фото Дарко Штаргоски




Манастир „Св. Архангел Михаил“, источен конак

Комплексот цркви во манастирот Зрзе е составен од црквата „Св. Преображение“ подигната во XIV век и црквата „Св. Петар и Павле“ подигната во XVII век. Концепцијата на основата на целиот црковен комплекс, заедно со темелните ѕидови на јужната страна од црквата „Св. Преображение“ ни даваат за право да тврдиме дека црквите се подигнати врз темелите на ранохристијанска базилика. Првобитната црква е еднокорабна градба засведена со полуобличест свод, на чија западна страна е подигната припрата живописана во 1369 година. Тремот е изграден во време на подигањето на црквата „Св. Петар и Павле“.

Конзерваторско-реставраторските работи на црковниот комплекс се изведени во периодот околу 1963 година. Во периодот од 1997 до 1999 година работено е на препокривање на црковниот комплекс со нов покрив, конзерваторско-реставраторски работи на кулата – камбанарија на северната и јужна порта од манастирскиот комплекс, како и на други интервенции врз црквите и манастирскиот комплекс.

Во 2013 и 2014 година се изработија проекти за темелна реконструкција на монашки и владички конак, проект за реконструкција на дел од североисточниот бедем со изведба на горна порта во манастирскиот комплекс како и проект за партерно уредување и истите се реализираа заклучно со 2016 година. Во 2020 година целосно се препокри манастирската црква и камбанаријата.



Параклисот од манастирот Зрзе
во склоп на монашкиот конак



Владички конак во манастир Зрзе



Манастирска црква „Св. Преображение“, Манастир Зрзе

Црквата „Св. Никола“ во село Манастир во Мариово е изградена врз постар објект, а денешниот облик го добила во 1266 година. Црквата е трокорабна базилика без нартекс, централниот брод е засводен, а страничните бродови се со отворена покривна конструкција. На источната страна корабите завршуваат со апсиди одвнатре полукружни, а однадвор тространни. Живописувањето е завршено во 1271 година за време на владеењето на Михајло VIII Палеолог. Долгиот натпис во главниот брод ја објаснува историјата на црквата. Во него стои дека живописувањето е извршено под раководство на ѓакон Јован, референдар на пресветата архиепископија, кој повикал повеќе истакнати мајстори да ја живописаат оваа црква. Конзерваторско-реставраторските работи на архитектурата и живописот на црквата „Св. Никола“ се извршени во периодот од 1965 до 1970 година. Во 2004 година се отпочна со реализација на проектот за конзервација на црквата и останатите објекти во комплексот, првично со консолидирање на конструктивниот систем на објектот со уфрлување на темелни армирано-бетонски греди, по претходно извршени археолошки истражувања во внатрешноста на објектот. Активностите околу темелењето на црквата завршуваат заклучно со 2015 година. Во 2009 изработен е и проект за јужен конак реализиран во 2011 година. Во 2019 година изработен е основен проект за конзервација, реставрација, санација и изведба на заштитна конструкција на црквата Св. Никола во с. Манастир – Мариово. Проектот е реализиран во 2022 година.



Црква „Св. Никола“, с. Манастир, Мариово



Црква „Св. Никола“, с. Манастир, Мариово, јужен конак

Манастирскиот комплекс Трескавец со црквата „Успение на Св. Богородица“ е подигнат врз постаро култно место кое влечи корени веројатно од предантичкиот односно од античкиот и ранохристијанскиот период. Црквата е изградена во XIII век, а обновена е за време на крал Милутин. Подоцна неколку пати манастирскиот комплекс е рушен и обновуван. Од денешниот облик на црквата јасно можат да се забележат најмалку шест градежни фази. Јадрото на денешната манастирска црква е еднобродна градба со централна купола на источната страна и завршува со апсида одвнатре полукружна, а однадвор петтострана. На западната страна кон наосот е доградена припрата со квадратна основа, покриена со голема слепа купола. Кон припратата од јужната и од западната страна е доградена егзонартекс со два бочни компартименти покриени со куполи. На северната страна е доградена мала капела. Последната фаза е тремот доградена на западната и јужната страна од објектот. Во внатрешноста на црквата се наоѓа

двокрилна резбарена врата која датира од XVI век и припаѓа на прилепско-слепчанската школа.

Конзервација врз живописот е извршена во 1959 година. Во 1990 година во голем пожар горат сите конаци од манастирскиот комплекс, а исклучок е црквата и старата трпезарија кои остануваат недопрени од пожарот. По извесен период манастирот е обновен. Во 2013 год. манастирот повторно го зафаќа пожар кога исто така црквата и трпезаријата не се зафатени од пожарот. Истата година е изработен проект за реставрација на опожарените манастирски конаци. Проектот за нивно обновување е реализиран заклучно со 2020 год. со исклучок на крајниот јужен дел од источната страна на конаците.





Обновените опожарени конаци од Манастирот „Трескавец“

Поствизантиска архитектура

Црквата „Св. Илија“ во село Долгаец е прво и целосно архитектонско остварување во раните години на турското владеење. Таа е мала еднокорабна гробишна црква, во основа со трапезоидна форма, рустично ѕидана со камен во варов малтер. На источната страна завршува со плитка правоаголна апсида, покриена со камени плочи. Карактеристична е и по сводот од троделен лак и обидите за декорација на јужната фасада со кршен камен во форма на рибина коска. Црквата е изградена и живописана 1454/5 година.

Во 1999 година извршена е превентивна заштита на црквата, при што е заменета покривната конструкција и санирани се одредени делови од ѕидната маса.



Црква „Св. Илија“, с. Долгаец

Непосредно над селото Зрзе на мало возвишување, на терен во пад се наоѓа црквата „Св. Никола“. Засводена е со полуобличест свод и покрив на две води, со полукружна апсида на источната страна. Точниот датум на изградба на црквата не може со сигурност да се потврди, иако се знае дека тоа се случило пред 1459 година. Пред 1535 година во продолжение од северната страна е дограден параклис, а во XVII век и двата простори од западна страна добиле припрата. Црквата е живописана од сликарот Онуфрие во 1535 година, а фрески добиле и олтарниот простор во параклисот и западниот ѕид од црквата од надворешна страна.

На архитектурата на црквата се вршени конзерваторски работи во 1992, 1993, 1999 и 2004 година.



Црква „Св. Никола“, с. Зрзе, источна фасада

Црквата „Св. Богородица“ во село Костинци е подигната како гробишна црква. Денешниот изглед се должи на неколку фази на изградба. Во првата фаза од 1624/5 година е подигната како мала еднокорабна црква, со полукружен свод и тристрана апсида на источна страна. По извесен период, во XVII век од западната страна црквата е проширена, со што добила припрата и трем. Црквата е живописана во сите нејзини делови. Во наосот се наоѓаат два слоја на живопис од XVII и XIX век, додека во припратата се среќава живопис од XVII, XVIII и XIX век.

Во 1995 година е изработен проект за конзервација на архитектурата и живописот, а во периодот од 1997 до 2000 година проектот е реализиран, при што е извршена целосна конзервација на црквата.



Црква „Св. Богородица“, с. Костинци, источна фасада

Податоци за времето и приликите при изградбата на црквата „Св. Атанас“ во село Рилево се наоѓаат во ктиторскиот натпис над бифората, на јужниот ѕид од внатрешна страна. Во тој натпис е назначено дека црквата е изградена во 1627 година, од мајсторот Иван од Кичево и зографот Јон од Костур. Црквата е изградена од кршен камен во варов малтер како мала еднокорабна, со полуобличест свод и петтострана апсида на источна страна. Карактеристична е по присуството на фреско декорација со претстава на Архангел Михаил и Архангел Гаврил на источната фасада над апсидата.

Црквата „Св. Атанас“ во село Галичани е осамена поствизантиска црква која се наоѓа јужно од Прилеп. Според анализите на останатиот дел од фрескоживописот, како и според архитектурата оваа црква спаѓа во групата на споменици на културата кои се изградени и живописани во првата половина на XVII век. Аналогно на останатите, и црквата „Св. Атанас“ по својата градба е мала еднокорабна, со издолжена основа и поскромна архитектура, пред се поради вкопаноста во земја.

Во 1999 година извршени се заштитни интервенции, при што е консолидирана целата архитектура на црквата, а извршено е и препокривање и реконструкција на камбанаријата.

Во непосредна близина на селото Дреновци, на мало возвишување, се наоѓа црквата „Св. Атанас“. Црквата е мала, еднокорабна, со полукружна апсида на источна страна, ѕидана од кршен камен во варов малтер, грубо малтарена и бело обоена. Единствените фрески во апсидата, стилот и големината на објектот, ја датираат црквата како објект од првата половина на XVII век. Останатиот дел од ѕидните површини е без присуство на живопис.

Манастирската црква „Св. Никола“ во село Слепче претставува последна црковна градба од турско време во прилепскиот крај. Тоа е еднокорабна градба со упростено архитектонско решение без надворешна апсида, што значи едно од поретките решенија на сакралните објекти од поствизантискиот период. Засводена е со високо поставен полукружен свод, покриен со двоводен покрив од турска ќерамида. За времето на нејзиното настанување и живописување се дознава од ктиторскиот натпис кој се наоѓа над влезната врата од внатрешна страна, каде стои годината 1672. Од натписот се дознава името на главниот зограф Стојан, кој како добар познавач на иконографијата малите ѕидни

површини ги исполнил со повеќе сцени и фигури. Во црквата се наоѓа резбарен иконостас со голем крст кој датира од XVII век.

Во 1998 година преземена е превентивна заштита на живописот, во 2001 година е извршена конструктивна консолидација и препокривање, а во 2004 чистење и консолидација на живописот.

Архитектура во преродбенскиот период

Еден од бројните споменици на културата од периодот на преродбата во првата половина на XIX век е црквата „Св. Благовештение“, позната како Стара црква во Прилеп. Изградена од познатите прилепски мајстори Коста Лауцо и Ристе Тасламиче во 1838 година, претставува трикорабна базилика со три полукружни апсиди на источната страна. Над јужниот и северниот брод се изградени галерии, а над западниот портал исто така е изградена галерија која претставува простор за црковниот хор. Најголема вредност во ентериерот е резбата. За таа цел повикани се најдобрите и најпрочуени копаничари од дебарскиот крај, тајфата на Петре Филипоски - Гарката. Изработен е монументален иконостас, владички престол и амвон (певница), кои претставуваат врвни дела од културното богатство на Македонија.



Црква „Св. Благовештение“, Прилеп

Старата чаршија во Прилеп е урбанистички комплекс којшто својот најголем подем го има во втората половина на XVIII и почетокот на XIX век, кога Прилеп бил развиен трговски и занаетчиски центар. Во втората половина на XIX век, по серијата пожари коишто ја зафатиле чаршијата во 1854 година, во 1866 година и во 1873 година, економската и

трговската моќ на Прилеп опаѓа. Денешниот изглед чаршијата го добива во втората половина на XIX и првата половина на XX век, а комплексните проблеми коишто го исполнуваат општественото живеење во овој период, исполнето со кризни состојби на сите нивоа од општествените структури, предизвикале девалвирање на естетските и функционалните специфики на чаршијата.



Стара чаршија, Прилеп



Стара чаршија, детал

Саат кулата е изградена во центарот на Старата чаршија во 1858 година на местото на постара дрвена Саат кула, којашто изгорела во пожар што ја зафатил целата Стара чаршија во 1854 година. Ја изградил познатиот прилепски мајстор Петре Лауцо со неговата тајфа. Градена е на шестоаголна основа со масивни делкани камени блокови во висина од 20,50 м и скелетен систем од дрвена конструкција. Вкупната висина на објектот е 38,76 м. Интересен податок за Саат кулата во Прилеп е тоа што таа има инклинација од 114, 4 см. и со реализираниот проект за негова стабилизација тој истата ја задржува.





Натпис над влезот во Саат кулата

"Чукањето на саатот не е секогаш означување на времето.
За животот и времето што минува,
тој (саатот) жали и вика Ах!
Новиот саат (изграден) во 1275 хиџра
(11.08.1858 30.07.1859)
Пожарот се случи 1271 хиџра
(24.09.1854 12.09.1855)
Благодарност на Алах"

Преведно од Ахмед Шериф

Саат кула, Прилеп


Исламска архитектура

Во текот на повеќевековното турско владеење во Прилеп изградени се поголем број објекти кои припаѓаат на исламската архитектура. За жал, денес се зачувани само неколку од нив.

Скршена џамија е најстара џамија во градот, изградена непосредно по неговото освојување од страна на турците. Тоа е мала поткуполна градба со квадратна основа и со минаре, со сталактитна орнаментика карактеристична за периодот во којшто е градена. Џамијата денес е во лоша состојба.

Во центарот на Прилеп во една урбанистичка целина со Саат кулата, во комплексот на Старата чаршија се наоѓа Чарши џамија. Изградена за време на владеењето на султанот Мехмед Втори Освојувачот, односно за време на брусанскиот стил, претставува наједноставна форма на џамија од тој период. Градена е во неколку фази. За првата фаза се дознава од сочуваниот автентичен натпис со арапско писмо на турски јазик, кој меѓу другото кажува дека џамијата е изградена 1475 година. И минарето денешниот изглед го добило во неколку фази на градба. Со постамент на полигонална основа, висина од 25 метри, украсено со два шерефети, минарето на Чарши џамија е редок пример на исламската архитектура во Македонија.

Во текот на изработката на Проектот за конзервација во 1988 година, извршени се комплетни сондажни испитувања, при што се констатирани фазите на изградба. Во 2001 година џамијата е опожарена, а во тек е изработка на проект за реставрација и конзервација со што би се создале услови објектот да се стави во функција со постојана поставка како музеј на Отоманската култура и уметност, и би се пополнила една мошне значајна културолошка празнина во рамките на активностите на НУ Завод и Музеј - Прилеп.





Чарши џамија, Прилеп

Турскиот амам е изграден во XIX век, но постојат извесни индиции дека делови од објектот се постари. Амамот претставува интересен пример на чифте амам, кој што до пред дваесеттина години функционираше со својата автентична функција. Објектот во моментов се наоѓа во многу лоша состојба. Со деталниот урбанистички план на централното градско јадро се предвидува турскиот амам да се пренамени во модерен галериски простор.

Сид од Куршумли ан е остаток од големиот турски ан изграден во XV век, непосредно по турското населување на територија на денешен Прилеп, како еден од првите профани објекти во новата населба. Анот бил во функција за одмор и ноќевање на патниците и трговците како и за оставање на нивните трговски стоки.

Во минатото, до неговото рушење анот бил дел од чаршијата, лоциран покрај Дабничка река, а во негова близина се наоѓале отворениот пазар за зеленчук (сергиите) и Ат пазар (пазарот за добиток) кој бил од другата страна на реката.



Суд од Куршумли Ан, Прилеп

Градска архитектура

Градската архитектура е сконцентрирана во централното градско подрачје и е поделена на две групи. Првата група се објекти од крајот на XIX век, изградени во духот на традиционалната македонска архитектура, а во втората група спаѓаат објекти изградени во почетокот на XX век со примеси на европските стилови. Најзначен објект од втората група на објекти е куќата на Бектешовци, којашто обилува со многу убави детали на фасадите и ентериерот.



Традиционален чардак од Градска куќа од XIX век, на ул. „Браќа Ламески“, бр. 45, Прилеп



Градска куќа од XX век, куќата на Бектешовци, Прилеп

За жал станбените објекти од градската архитектура ги има сè помалку со оглед на финансиската состојба на сопствениците и можностите на пошироката заедница во прилог на нивната заштита. Оваа архитектура поседува високи архитектонско-естетски вредности и отсликува и презентира еден мошне значаен период на градителската активност во градот.

Куќата на Башевци е под стилско влијание на неокласицизам чии елементи се изразени преку фронталната фасада. Нарачал да се изгради Панту Николов Жешков во 1900 година, а за таа цел ангажирал мајстори од Солун. Објектот е изграден во духот на граѓанската архитектура на правоаголна основа со симетрични решенија како во основите така и на предната и задна фасада, со висина П+1 кат.




Куќата на Башевци, Прилеп



Објект на ул. ,,Александар Македонски“, бр. 140, Прилеп

Конзервација на недвижно културно наследство на објекти во Крушево



Куќа на ул. ,,Никола Ѓурковиќ“, бр. 16, Крушево



Куќа на ул. „Коча Миленку“, Крушево

Конзервација на археолошки локалитет Стибера, село Чепигово





Илија Ристески
конзерватор советник

ЗАШТИТА И КОНЗЕРВАЦИЈА НА ЖИВОПИС

Во рамките на конзерваторските зафати поврзани со заштитата на недвижното културно наследство се реализираа проекти поврзани со заштита и конзервација на живопис како и проекти за заштита и конзервација на внатрешниот инвентар на следните добра:

Манастирска црква „Свети Илија“, с. Мелница, Мариово

Манастирската црква „Св. Илија“ во с. Мелница, претставува карактеристичен пример на еднобродна црква од преродбенскиот период, подигната во 1872 година. Изградена е од градителската тајфа на Пере Лауцо, најверојатно од родот на Коста Лауцо, заедно со локалниот мастор Ристо Тасламиче. Ваквиот архитектонски тип не е толку често застапен во тој период. Градбата на црквата во основата е правоаголна со димензии 7,85 х 12,50 м., со централно изведена купола на висок осумстран тамбур. Поделена е на три травеи со прислонети столбови на кои се потпираат слепи лаци во подолжен правец и два лаци во попречен правец. Западниот и источниот травеј имаат сводна конструкција. Црквата е осликана во олтарниот простор, на северниот, јужниот и западниот ѕид од пронаосот, наосот, кај пандантифите, тамбурот и куполата, а на фасадите во нишите над влезовите, на запад и на север. Насликани се претстави и композиции претежно од Новиот Завет, Стариот завет, Празниците и Страдањата Христови, свети воини, маченици, пророци и слично. Авторот на живописот е зографот Аврам Дичов и неговата тајфа од село Тресонче, за што постои натпис кај првата зона на северниот ѕид во наосот на црквата (27 мај 1881 година).

Статус: Решение на заштитено културно добро. Решение бр. 18-33 од 07.06. 2019 год.

- Изработка на Елаборат за валоризација, 2018 год.
- Изработка на Проект за конзервација и реставрација на ѕидното сликарство во манастирската црква „Св. Илија“, с. Мелница, Мариово, општина Прилеп. Тех. бр. 09-165/2 од 22.07.2020 год.
- Реализација на непосредна заштита 2020-2021 год.



Манастирска црква „Св. Илија“, с. Мелница, Мариово







Конзерваторско-реставраторски работи на sидното сликарство кај западниот sид и сводот на пронаосот на црквата

Иконостас во црквата „Свето Благовештение“ во Прилеп

Иконостасот во црквата „Св. Благовештение“ во Прилеп е заштитено културно добро со акт бр. 153 од 02.12.1953 год. Црквата „Св. Благовештение“ се наоѓа во централното градско јадро во Прилеп. Изградена е во 1838 година. Припаѓа на типот деветнаесетовековни трибродни базиликални храмови, со отсуство на купола, со должина од 32 м., ширина од 26 м. и висина од 9 м. Покрај останатиот мобилијар, ентериерот на црквата е украсен со монументален дрвен иконостас изработен од тајфите на Димитар Станишев и Петре Филиповски-Гарката. За иконостасот се верува дека е дело на Димитар Станишев со неговата тајфа. Иконостасот е долг 16,80 м., а висок 6,20 м., изработен претежно од дрво во длабока резба, со елементи во плитка и ажурна резба и со вметнати иконописни дела. Црквата „Св. Благовештение“ поседува сто осумдесет и четири икони, евидентирани како споменици на културата.

Констатираната состојба предизвикана од различни причини на резбаниот иконостас и сликаните иконописни содржини (извесно разлабавување на конструкцијата, одредени деформации, пукнатини со помал обем, денивелација на одредени елементи, појава на полетни отвори, отпаднати делови, наслаги од различен карактер, несоодветни интервенции) ја наложи потребата од преземање соодветни мерки. Поради тоа во 2019-20 год. изготвен е Проект за конзервација и реставрација на иконостасот. Со реализација на непосредна заштита започнато е во 2021-22 год. Со започнувањето на реализацијата на Проектот за конзервација и рестварација на иконостасот, ќе бидат запрени процесите на пропаѓање на конструкција, резбата и иконописот на иконостасот. Непосредната заштита е финансирана со годишните програми на Министерството за култура.

Во 2023 и 2024 година продолжено е со конзервација и реставрација на реверсот и аверсот на иконостасот. Извршено е суво чистење, заштита од инсекти и микрорганизми, како и консолидација на разградените делови од дрворезба и елементи од дрво.

Во 2025 година извршена е конструктивна консолидација на иконостасот со стабилизирање и зајакнување на носечката дрвена конструкција.









Процеси на конзерваторско-реставраторски работи кај базисот на иконостасот, (резбата и иконите)

Црква „Свети Никола“, село Зрзе

Проект за Конзервација и реставрација на ѕидното сликарство на црквата „Св. Никола“ во с. Зрзе, проект бр. 07-72/11 од 26.01.2010 год.

Црквата „Св. Никола“ во село Зрзе, како метох на манастирската црква „Св. Преображение“, прилепско, е заштитен споменик на културата, со решение бр. 09-69/1 од 13.04.1995 год., издадено од Централен завод, Скопје.


Изградена е во XIV век. Црквата е пример на едноброден храм со скромни димензии. Во XVI век црквата е обновена со дозидување на параклис на северната страна и затворен трем на западната страна. Поголемиот дел од површините со ѕидно сликарство во црквата се дело на мајсторот зограф Онуфрие Аргитис и неговите помошници, коишто во тој период украсиле многу цркви со живопис и иконопис на територијата на Охридската Архиепископија. Насликаната претстава на Богородица Одигитрија во нишата на северната фасада на првобитната црква се смета дека е авторско дело на мајсторот зограф Драгослав и датира од втората половина на XIV век.

Во деведесеттите години од минатиот век извршена е конзервација и реставрација на архитектурата на црквата. Во 2020 година извршена е промена на кровниот покривач. Во периодот од 2015 до 2020 година започната е реализацијата на првата фаза и завршена е последната фаза на конзервација и реставрација на ѕидното сликарство.

Конзерваторско-реставраторските работи се изведуваа и се завршени од стручен тим назначен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп.











Конзерваторско-реставраторски работи
на ѕидното сликарство „Св. Никола“, с. Зрзе

Манастир Зрзе, црква „Свето Преображение“

Проект за конзервација и реставрација на ѕидното сликарство во црквата „Св. Преображение“, манастир Зрзе.

Со финансиска поддршка од Министерството за култура на РС Македонија во 2020 и 2021 година извршени се конзерваторски истражувања во функција на изработка на **Проект за конзервација и реставрација на ѕидното сликарство во црквата „Св. Преображение“, манастир Зрзе.**

Во 2022 година извршена е превентивна заштита на ѕидното сликарство пред да се изврши инјектирање на ѕидните маси.

Манастирот Зрзе претставува едно од најзначајните културни места во поширокиот круг на Пелагониската Рамнина. Манастирската црква е заштитено недвижно културно добро, Акт на заштита, со решение бр. 4-820-042 /002 од 16.09.1952 година, ЦР 42. Се наоѓа во близина и над селото Зрзе. Во склоп на манастирскиот комплекс влегуваат две црквиˌ монашки конаци, манастирско ѕвоно, неколку чешми, стопански и помошни објекти. Манастирот со црквата „Св. Преображение“ или „Св. Спас“ како што се споменува во некои натписи, како и метохот „Св. Никола“ во селото Зрзе и денес е активно монашко жариште. Манастирот Зрзе од средината на XIV, па сè до XIX век, претрпува бројни обнови и доградби на архитектурата и живописот, што може да се следат благодарејќи на податоците оставени во ктиторските натписи или записи од друг вид, каде е забележан секој позначаен градителски настан поврзан со манастирот.

Основач на најстарата еднокорабна црква од денешниот комплекс е монахот Герман, кој ја посветил на празникот на исихастите „Свето Преображение Христово“. Според натписот откриен над јужната врата од надворешната страна (испишан околу 1400 год.), дознаваме дека Германовата црква била изградена во време на царот Душан (околу 1346-1355 год.). Фрагментите од најстарото ѕидно сликарство, зачувани се во најниската зона на олтарната апсида. Кон Германовата еднокорабна црква пред 1368/69 год., од западната страна е доградена припратаˌ а за нејзиното живописување дознаваме од натписот над западната врата во кој се напоменуваат ктиторите заслужни за овој потфат – Хајковите синови Прибил и Приезд со мајка им. Тие во 1368/69 год. во спомен на душата на татко им, се погрижиле да се живописа досиданата припрата. Во тој период насликани се и неколку престолни икони, коишто се

дело на митрополитот пелагониски Јован зограф и јеромонахот Макариј, за коишто се смета дека се внуци на монахот Герман. Јован е творецот на иконата „Христос спасител и животодавец“ (1391 год.), а Макариј на чудотворната икона „Богородица Пелагонитиса“ (1422 год.).

Западната припрата досидана кон Германовата црква, е живописана 1368/1369 год. од зограф Драгослав, а ктитори биле погоре споменатите Хајкови синови, Прибил и Приезд.

Сочуваното sидно сликарство во манастирската црква „Св. Преображение“ и манастирскиот метох „Св. Никола“, му се припишува на зографот Онуфриј и датира од првата половина на XVI век.

Sидно сликарство, од различни временски периоди и автори, застапено е во внатрешноста на црквата „Св. Преображение“ на западниот, северниот, јужниот sид во наосот и во олтарниот простор, по целата површина на западната фасада на црквата и во полукружната ниша на јужната фасада. Нема сомнение дека сликарите на живописот биле талентирани зографи кои успешно се служеле со старите предлошки. Особено се издвојува живописот кај припратата, со изборот на тематиката и иконографските решенија невообичаени за овој дел од црквата. Живописот на зографот Онуфриј е сочуван во наосот на старата Германова црква само на источниот, на северниот и на јужниот sид. Потребно е да се има предвид дека во црквата е сликано во повеќе различни периоди и од различни мајстори со различни творечки можности и сензибилитети.



Манастир Зрзе





Конзерваторски истражувања, „Св. Преображение“, манастир Зрзе

Црква „Свети Никола“, с. Манастир, Мариово

Реализација на непосредна заштита на долгогодишен проект Конзервација и реставрација на ѕидното сликарство во црквата „Св. Никола“, во село Манастир, Мариово, Проект бр. 07-285/6 од 16.07. 2008 година. Заштитено културно добро со Решение бр. 08/5 - 110/1 од 21.04.1989/ЗЗСК - Прилеп; ЕМБ на доброто: 4-820-064/196 рнд.


Манастирот „Св. Никола“ е сместен во село Манастир на околу 50 километри од Прилеп, во прилепско Мариово. Според натписот во централниот кораб, манастирската црква е подигната како трикорабна базилика во 1266 година, на темелите на старата црква од 1095 година, од страна на протостаторот Алексиј, роднина на византискиот император Алексеј Комнин.



Црква „Св. Никола“, с. Манастир, Мариово

Црквата била возобновена во 1271 година, од кога датира и целиот живопис со натписите. Имено, црквата ја возобновил игуменот Акакиј. Понатамошната историја на манастирот може да се следи само по делумно сочуваниот живопис на фасадата со еден натпис и три словенски записи испишани со остар предмет врз живописот. Живописот на јужната и западната фасада датира од XVI век односно од 1506 година, а записите на словенски со остар предмет потекнуваат од 1592 година. Живописот од 1271 година е дело на зографот Јован и неговата тајфа. Во првата зона на централниот кораб се претставени монументални фигури на светители во цел раст, меѓу кои се издвојуваат: св. Димитрија, св. Ѓорѓи, св. Теодор Тирон и Теодор Стратилат и Архангелот Михаил. Во втората зона се насликани допојасни фигури на светители, а во третата сцени од животот на Исус Христос. Во јужниот кораб се илустрирани сцени од животот на свети Никола, а во северниот – ктиторската композиција на која е претставен јеромонахот Акакиј, кој во раце држи макета на црквата. Анализата на живописот во црквата покажува дека работеле повеќе зографи. Меѓу нив се

истакнува името на рефендарот ѓакон Јован, за кого се смета дека е една иста личност со зографот рефендар ѓакон Јован, творецот на иконата посветена на свети Ѓорѓи од истоимената црква во Струга, која датира од 1266/67 година.







Конзервација и реставрација на ѕидното сликарство во црквата „Св. Никола“, во с. Манастир, Мариово

Оливера Макриевска
конзерватор советник

НЕДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Список на регистрирани споменици на културата

за Општините Долнени, Кривогаштани, Крушево и Прилеп

ОПШТИНА ДОЛНЕНИ

1. Манстир „Слепче“ со манастирската црква „Св. Никола“ и сите конаци, с. Слепче
2. Манастир „Зрзе“ со манастирската црква „Св. Спас“ и конаците, с. Зрзе
3. Црква „Св.Никола“, с. Зрзе, Горно маало
4. Црква „Св. Богородица“, с. Костинци
5. Археолошки локалитет „Градиште“, с. Дебреште
6. Спомен дом „Блаже Конески“, с. Небрегово
7. Манастир „Св. Атанас Житоечки“, с. Житоше
8. Археолошки локалитет „Сурун“, с. Дупјачани
9. Црква „Св. Илија“, с. Долгаец

ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

1. Археолошки локалитет „Врбјанска Чука“, с. Славеј

ОПШТИНА КРУШЕВО

1. Археолошки локалитет „Градиште“, с. Алданци/Норово
2. Мост на реката „Црна“, с. Бучин
3. Куќа во која живеел и работел Никола Карев, ул. „Маршал Тито“, бр. 52, Крушево
4. Куќа во која е прогласена Крушевската Република, ул. „Таќа Бербер“, бр. 44/а, Крушево
5. Работилница за оружје за време на Илинденското востание, ул. „Томе Никле“, бр. 57, Крушево
6. Споменик „Илинден“, месност „Гумења“, Крушево
7. Куќа, ул. „Коча Миленку“, бр. 4, Крушево
8. Куќа, ул. „Коча Миленку“, бр. 14, Крушево
9. Куќа, ул. „Коча Миленку“, бр. 27, Крушево
10. Куќа, ул. „Коча Миленку“, бр. 32, Крушево
11. Куќа, ул. „Нико Доага“, бр. 67, Крушево
12. Куќа, ул. „Нико Доага“, бр. 68, Крушево
13. Галерија „Никола Мартиноски“, ул. „Нико Доага“, бр. 65, Крушево
14. Куќа, ул. „Нико Доага“, бр. 52, Крушево
15. Куќа, ул. „Нико Доага“, бр. 55, Крушево
16. Куќа, ул. „Партизанска“, бр. 28, Крушево
17. Куќа, ул. „Партизанска“, бр. 38, Крушево
18. Куќа, ул. „Партизанска“, бр. 6, Крушево

19. Куќа, ул. „Манчу Матак“, бр. 34, Крушево
20. Куќа, ул. „Манчу Матак“, бр. 32, Крушево
21. Куќа, ул. „Тома Никле“, бр. 16, Крушево
22. Куќа, ул. „Илинденска“, бр. 100, Крушево
23. Куќа, ул. „Илинденска“, бр. 101, Крушево
24. Куќа, ул. „Таќа Бербер“, бр. 17, Крушево
25. Куќа, ул. „Таќа Бербер“, бр. 16, Крушево
26. Куќа, ул. „Питу Гули“, бр. 29, Крушево
27. Куќа, ул. „Питу Гули“, бр. 1, Крушево
28. Куќа, ул. „Благој Целев“, бр. 28, Крушево
29. Куќа, ул. „Благој Целев“, бр. 15, Крушево
30. Куќа, ул. „Мише Ефтимов“, бр. 63, Крушево
31. Куќа, ул. „Н. Ѓурковиќ“, бр. 11, Крушево
32. Куќа, ул. „Шула Мина“, бр. 34, Крушево
33. Куќа, ул. „Коча Миленку“, бр. 13, Крушево
34. Куќа, ул. „Коча Миленку“, бр. 29, Крушево
35. Куќа, ул. „8 Септември“, бр. 23, Горна маала, Крушево
36. Куќа, ул. „Нико Доага“, бр. 66, Крушево
37. Куќа, ул. „Благој Целев“, бр. 25, Крушево
38. Куќа, ул. „Коча Миленку“, бр. 15, Крушево
39. Куќа, ул. „Мише Ефтим“, бр. 20, Крушево
40. Куќа, ул. „Коча Миленку“, бр. 22, Крушево
41. Црква „Св.Јован“, Крушево
42. Споменик „Мечкин камен“, Крушево
43. Црква „Св. Никола“, с. Белушино
44. „Споменична целина Крушево“, Крушево
45. „Спомен куќа на Тодор Проески“, Крушево
46. Дом на културата „Наум Наумовски – Борче“, Крушево
47. „Музеј на НОВ“ – Крушево

ОПШТИНА ПРИЛЕП

1. Амам (бања), ул. „Питу Гули“, бр. 12, Прилеп
2. Турска бања, бул. „Маршал Тито“, Прилеп
3. Ан - долниот дел со зачуваните ѕидови, бул. „Гоце Делчев“ б.б., Прилеп
4. Споменички комплекс (целина/археолошки комплекс) „Варош“, Прилеп
5. Дуќан, ул. „Блаже Крсточанец“, бр. 3, Прилеп
6. Дуќан, ул. „Блаже Крсточанец“, бр. 1, Прилеп
7. Дуќан, ул. „Блаже Крстечанец“, бр. 3, Прилеп
8. Дуќан, ул. „Блаже Крстечанец“, бр. 5, Прилеп
9. Дуќан, ул. „Блаже Крстечанец“, бр. 2, Прилеп
10. Дуќан, ул. „29 Ноември“, бр. 14, Прилеп

11. Дуќан, ул. „29 Ноември“, бр. 12, Прилеп
12. Дуќан, ул. „29 Ноември“, бр. 10, Прилеп
13. Дуќан, ул. „29 Ноември“, бр. 11, Прилеп
14. Дуќан, ул. „29 Ноември“, бр. 5, Прилеп
15. Дуќан, ул. „29 Ноември“, бр. 3, Прилеп
16. Дуќан, ул. „29 Ноември“, бр. 10, Прилеп
17. Дуќан, ул. „29 Ноември“, бр. 4, Прилеп
18. Дуќан, ул. „Рампе Стојаноски“, бр. 25, Прилеп
19. Дуќан, ул. „Рампе Стојаноски“, бр. 23, Прилеп
20. Дуќан, ул. „Борка Талески“, бр. 11, Прилеп
21. Дуќан, ул. „Борка Талески“, бр. 13, Прилеп
22. Дуќан, ул. „Борка Талески“, бр. 15, Прилеп
23. Дуќан, ул. „Борка Талески“, бр. 17, Прилеп
24. Дуќан, ул. „Борка Талески“, бр. 19, Прилеп
25. Дуќан, ул. „Борка Талески“, бр. 19, Прилеп
26. Дуќан, ул. “Борка Талески“, бр. 21, Прилеп
27. Дуќан, ул. „Борка Талески“, бр. 23, Прилеп
28. Дуќан, ул. „Борка Талески“, бр. 23/а, Прилеп
29. Дуќан, ул. „Борка Талески“, бр. 25, Прилеп
30. Дуќан, ул. „Борка Талески“, бр. 25/а, Прилеп
31. Дуќан, ул. „Борка Талески“, бр. 33, Прилеп
32. Дуќан, ул. „Борка Талески“, бр. 27, Прилеп
33. Дуќан, ул. „Борка Талески“, бр. 35, Прилеп
34. Дуќан, ул. „Борка Талески“, бр. 37, Прилеп
35. Дуќан, ул. „Борка Талески“, бр. 9, Прилеп
36. Дуќан, ул. „Борка Талески“, бр. 7, Прилеп
37. Дуќан, ул. „Борка Талески“, бр. 5, Прилеп
38. Дуќан, ул. „Херој Карпош“, бр. 17, Прилеп
39. Дуќан, ул. „Херој Карпош“, бр. 17, Прилеп
40. Дуќан, ул. „Херој Карпош“, бр. 3, Прилеп
41. Дуќан, ул. „Херој Карпош“, бр. 7, Прилеп
42. Дуќан, ул. „Херој Карпош“, бр. 15, Прилеп
43. Дуќан, ул. „Херој Карпош“, бр. 19 и 21, Прилеп
44. Дуќан, ул. „Херој Карпош“, бр. 19, Прилеп
45. Дуќан, ул. „Херој Карпош“, бр. 23, Прилеп
46. Дуќан, ул. „Херој Карпош“, бр. 27, Прилеп
47. Дуќан, ул. „Херој Карпош“, бр. 1, Прилеп
48. Дуќан, ул. „Херој Карпош“, бр. 13, Прилеп
49. Дуќан, ул. „Гоце Делчев“, бр. 23, Прилеп
50. Дуќан, ул. „Гоце Делчев“, бр. 22, Прилеп
51. Дуќан, ул. „Гоце Делчев“, бр. 13, Прилеп
52. Дуќан, ул. „Гоце Делчев“, бр. 15 и 17, Прилеп
53. Дуќан, ул. „Гоце Делчев“, бр. 16, Прилеп

54. Дуќан, ул. „Гоце Делчев“, бр. 18, Прилеп
55. Дуќан, ул. „Гоце Делчев“, бр. 19, Прилеп
56. Дуќан, ул. „Гоце Делчев“, бр. 11, Прилеп
57. Дуќан, ул. „Гоце Делчев“, бр. 9, Прилеп
58. Дуќан, ул. „Гоце Делчев“, бр. 20, Прилеп
59. Дуќан, ул. „Гоце Делчев“, бр. 21, Прилеп
60. Дуќан, ул. „Гоце Делчев“, бр. 34, Прилеп
61. Дуќан, ул. „Гоце Делчев“, бр. 32, Прилеп
62. Дуќан, ул. “Гоце Делчев“, бр. 30, Прилеп
63. Дуќан, ул. „Гоце Делчев“, бр. 24, Прилеп
64. Дуќан, ул. „Гоце Делчев“, бр. 7, Прилеп
65. Дуќан, ул. „Гоце Делчев“, бр. 7, Прилеп
66. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 17, Прилеп
67. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 16, Прилеп
68. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 24, Прилеп
69. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 25, Прилеп
70. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 9, Прилеп
71. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 11, Прилеп
72. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 12, Прилеп
73. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 13, Прилеп
74. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 14, Прилеп
75. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 15, Прилеп
76. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 23, Прилеп
77. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 22, Прилеп
78. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 29, Прилеп
79. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 30, Прилеп
80. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 21, Прилеп
81. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 28, Прилеп
82. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 20, Прилеп
83. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 27, Прилеп
84. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 19, Прилеп
85. Дуќан, ул. „Јане Сандански“, бр. 26, Прилеп
86. Дуќан, ул. „Орце Николов“, бр. 15, Прилеп
87. Дуќан, ул. „Орце Николов“, бр. 13, Прилеп
88. Дуќан, ул. „Орце Николов“, бр. 11, Прилеп
89. Дуќан, ул. „Орце Николов“, бр. 10, Прилеп
90. Дуќан, ул. „Орце Николов“, бр. 9, Прилеп
91. Дуќан, ул. „Орце Николов“, бр. 6, Прилеп
92. Дуќан, ул. „Орце Николов“, бр. 1, Прилеп
93. Дуќан, ул. „Орце Николов“, бр. 2, Прилеп
94. Дуќан, ул. „Орце Николов“, бр. 3, Прилеп
95. Дуќан, ул. „Орце Николов“, бр. 4, Прилеп
96. Дуќан, ул. „Орце Николов“, бр. 5, Прилеп

97. Дуќан, ул. „Орце Николов“, бр. 6, Прилеп
98. Дуќан, ул. „Караорман“, бр. 21, Прилеп
99. Дуќан, ул. „Караорман“, бр. 19, Прилеп
100. Дуќан, ул. „Караорман“, бр. 27, Прилеп
101. Дуќан, ул. „Караорман“, бр. 27, Прилеп
102. Дуќан, ул. „Караорман“, бр. 15, Прилеп
103. Дуќан, ул. „Караорман“, бр. 17, Прилеп
104. Дуќан, ул. „Караорман“, бр. 25, Прилеп
105. Дуќан, ул. „Караорман“, бр. 31, Прилеп
106. Дуќан, ул. „Караорман“, бр. 23, Прилеп
107. Дуќан, ул. „Караорман“, бр. 24, Прилеп
108. Дуќан, ул. „Караорман“, бр. 18 (28), Прилеп
109. Дуќан, ул. „Караорман“, бр. 38, Прилеп
110. Дуќан, ул. „Караорман“, бр. 36, Прилеп
111. Дуќан, ул. „Караорман“, бр. 32, Прилеп
112. Дуќан, ул. „Караорман“, бр. 38, Прилеп
113. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 10/а, Прилеп
114. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 10, Прилеп
115. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 10/а, Прилеп
116. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 3, Прилеп
117. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 11, Прилеп
118. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 4, Прилеп
119. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 12, Прилеп
120. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 12, Прилеп
121. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 5, Прилеп
122. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, 14 (б.б.), Прилеп
123. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 6, Прилеп
124. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 18, Прилеп
125. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 7, Прилеп
126. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 20, Прилеп
127. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 8, Прилеп
128. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 22, Прилеп
129. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 1, Прилеп
130. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 9, Прилеп
131. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 9, Прилеп
132. Дуќан, ул. „Стив Наумов“, бр. 2, Прилеп
133. Дуќан, ул. „Стив Наумов“, бр. 5, Прилеп
134. Дуќан, ул. „Стив Наумов“, бр. 6, Прилеп
135. Дуќан, ул. „Стив Наумов“, бр. 7, Прилеп
136. Дуќан, ул. „Стив Наумов“, бр. 8, Прилеп
137. Дуќан, ул. „Стив Наумов“, бр. 9, Прилеп
138. Дуќан, ул. „Стив Наумов“, бр. 11, Прилеп
139. Дуќан, ул. „Стив Наумов“, бр. 14, Прилеп

140. Дуќан, ул. „Стив Наумов“, бр. 15, Прилеп
141. Дуќан, ул. „Стив Наумов“, бр. 18, Прилеп
142. Дуќан, ул. „Стив Наумов“, бр. 19, Прилеп
143. Дуќан, ул. „Стив Наумов“, бр. 21, Прилеп
144. Дуќан, ул. „Стив Наумов“, бр. 25, Прилеп
145. Дуќан, ул. „Стив Наумов“, бр. 12, Прилеп
146. Дуќан, ул. „Стив Наумов“, бр. 12/а, Прилеп
147. Дуќан, ул. „Цветан Димов“, бр. 6, Прилеп
148. Дуќан, ул. „Цветан Димов“, бр. 2, Прилеп
149. Дуќан, ул. „Цветан Димов“, бр. 6/а, Прилеп
150. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 78, Прилеп
151. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 47, Прилеп
152. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 60, Прилеп
153. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 48, Прилеп
154. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 70, Прилеп
155. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 52/а, Прилеп
156. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 49, Прилеп
157. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 54, Прилеп
158. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 54, Прилеп
159. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 62, Прилеп
160. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 64, Прилеп
161. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 70, Прилеп
162. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 72, Прилеп
163. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 50, Прилеп
164. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 66, Прилеп
165. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 56, Прилеп
166. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 76, Прилеп
167. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 74, Прилеп
168. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 68, Прилеп
169. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 58, Прилеп
170. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 52, Прилеп
171. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 45, Прилеп
172. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 43, Прилеп
173. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 35, Прилеп
174. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 37, Прилеп
175. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 37, Прилеп
176. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 39, Прилеп
177. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 33, Прилеп
178. Дуќан, ул. „Илинденска“, бр. 31, Прилеп
179. Дуќан, ул. „Лазо Попоски“, бр. 14, Прилеп
180. Дуќан, ул. „Ленинова“, бр. 114, Прилеп
181. Дуќан, ул. „Орце Николов“, бр. 6, Прилеп
182. Дуќан, ул. „Борка Талески“, бр. 33, Прилеп

183. Меморијален музеј „Кузман Јосифоски-Питу“, ул. „Мара Јосифоска“, бр. 20, Прилеп
184. Објект „Александар Македонски”, бр. 147, зграда Катастар, Прилеп
185. Куќа, ул. „Моша Пијаде“, б.б., Прилеп
186. „Могила на непобедените“, Прилеп
187. „Саат кула“, ул. „Јане Сандански“, Прилеп
188. „Стара чаршија“, споменичка целина, Прилеп
189. „Чарши џамија“, ул. „Јане Сандански“, Прилеп
190. „Скршена џамија“, ул. „Андон Слабејко“, бр. 35/а, Прилеп
191. Меморијален музеј „11 Октомври 1941“, ул. „Илинденска“, б.б., Прилеп
192. Тврдина „Маркови Кули“, Прилеп
193. Црква „Св. Никола“, ул. „Благој Јовчески“, бр. 18, Прилеп
194. Црква „Св. Димитрие“, ул. „Благоја Шукуроски“ , Прилеп
195. Црква „Св.Атанас“, ул. „Илија Попадинец“, Прилеп
196. Црква „Св. Богородица Пречиста“, ул. „Борка Лопач“, Прилеп
197. Црква „Св.Петар“, ул. „Орде Чопела“, Прилеп
198. Манастир „Св. Архангел Михаил“, Варош, Прилеп
199. Куќа, ул. „Кеј 9 Септември“, бр. 51, Прилеп
200. Црква „Св. Благовештение“, Прилеп
201. Манастир „Трескавец“ со манастирската црква „Успение Богородичино“ и конаците, с. Дабница, Прилеп
202. Археолошки локалитет „Бедем Стибера“, с. Чепигово, Прилеп
203. Чебренски манастир со манастирската црква „Св.Димитрие“, с. Бешиште, Мариово, Прилеп
204. Црква „Св.Богородица / Св. Никола“, с. Манастир, Мариово, Прилеп
205. Црква „Св. Илија“, с. Мелница, Мариово, Прилеп
206. Зграда, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, ул. „Александар Македонски“, бр. 400, Прилеп
207. Куќа, ул. „Мирче Ацев“, бр. 25, Прилеп
208. Црква „Св. Атанасие“, с. Рилево, Прилеп

Покрај регистрираните споменици на културата, на територијата на Општина Прилеп, Долнени, Крушево и Кривогаштани има и уште преку 830 евидентирани културни добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Васе Крстеска
архивар

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА, КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА

Во рамките на НУ Завод и Музеј – Прилеп постои и одделението за заштита, конзервација и реставрација. Тоа функционира следствено на предложени и тековни проекти за заштита на културното наследство. Самите проекти имаат посебни теми или посебни, значајни, поединечни предмети или групи на предмети од одреден историски период и различно, дополнително значење во однос на оформените сознанија за научната сфера што ја опфаќаат. Се изработуваат и реализираат самостојни проекти за конзервација на културното наследство, како и заеднички проекти во соработка со стручни лица од сродни институции во државата. Во одделението тековно се третира целокупниот музејски движен материјал од керамика, метал, дрво, стакло, коска и друг материјал, од одделенијата за археологија, етнологија, историја и историја на уметност. На истиот начин е работено и при поставувањето на постојаните изложбени поставки во Меморијалниот музеј „11 Октомври 1941“, Музејот за тутун и Меморијалниот музеј „Кузман Јосифоски-Питу“ (заштитно конзерваторска обработка на изложените предмети). Активно се учествува на археолошки ископувања реализирани од матичната институција, но и на археолошки ископувања вршени од други установи (локалитет Стоби, локалитет Могила, битолско), како и во конзерваторски проекти за заштита на движен археолошки материјал: конзервација на метал од Завод и Музеј – Битола, реконструкција на керамика од локалитет Кале, Скопје итн.

Се реализираат и повеќе значајни проекти за заштита на повеќе сакрални објекти – споменици на културата. Дел од резултатите од финализирани проекти и во однос на заштита и конзервација на живописот се евидентни во повеќе такви објекти: црквата „Св. Никола“ во Варош, црквата „Св. Богородица“ во село Костинци, манастирската црква „Св. Никола“ во село Слепче, црквата „Св. Никола“ во село Зрзе и селската црква „Св. Ѓорѓи“ во село Слепче.

Приодот кон заштитата и конзервација на живописот во сакралните објекти е различен и посебен поради специфичноста на неговите оштетувања и постоечките фактори што довеле до нив и состојбата во која се наоѓа самата основа и боениот слој, а со сигурните и докажани конзерваторски постапки се добиваат успешни резултати.

Соработката на одделението со историодни институции во државата е евидентно преку реализирање заеднички проекти: конзервација на живопис во црквата „Св. Богородица“, Каменско во Охрид (соработка со Републичкиот завод за заштита на спомениците на култура - Скопје и Заводот за заштита на споменици на култура и Музеј – Охрид), конзервација на оружје и други предмети за трајната изложбена поставка во Музејот на Смилевскиот конгрес во село Смилево во соработка со Заводот за заштита на споменици на култура и Музеј – Битола.

Добар пример на таков завршен проект е „Конзервација на 25 икони (деисиз со апостоли) од иконастасот на црквата „Св. Богородица“ во Манастирот Трескавец“, како и проектот „Конзервација и реставрација на Царските Двери од црквата „Св. Никола“, с. Зрзе“, реализирани во соработка со стручна екипа од НУ Национален конзерваторски центар, Скопје.

Графички приказ на оштетувања на Царските Двери од црквата „Св. Никола“, с. Зрзе




Во изминатиот временски преиод беа реализирани и многу проекти со комплетен конзерваторски третман на археолошки наоди, селектирани од повеќе различни археолошки локалитети на коишто се вршат стручни

истражувања и ископувања од страна на археолози и други стручни лица од НУ Завод и Музеј – Прилеп. Истражуваните археолошки локалитети датираат од различни историски периоди како што се неолит, антика и среден век. Движните наоди можат да бидат предмети изработени од различни видови материјал како и со различна намена: керамички садови, керамички култни предмети, жртвеници и амулети од глина, како и предмети направени од камен или од разни видови метал.

Оштетувањата на најдените предмети, наслоените депозити од нечистотии и процесот на деструкција зависи од условите на објективното опкружување во кои бил пронајден самиот предмет, како и од структурата на самата средина со сите свои содржини кои делуваат на процесот на уништување.

Керамички сад со поголеми димензии, локалитет Трештена Стена - фази на реконструкција и конзервација




Керамичките предмети се изработени од различни видови печена или полупечена земја, некои се со обработена и финирана површина, а други со полугруба или сосема груба

површина. Нивната намена опфаќа различни сфери од секојдневното живеење во време на конкретниот историски период.

Поголем број се култни предмети, а некои се со утилитарна намена. Конзерваторскиот третман започнува со постапка за чистење и отстранување на наслоени нечистотии и земјени депозити од предметите, како подготовка за понатамошните фази на конзервација. Следува постапка на соединување и слепување на одделените парчиња и делови во возможни целини на вкупната форма и волумен на предметите, па оформување и наслојување на деловите што недостигаат и создавање на волуменот и целокупната форма со употреба на медицински гипс Алабастер. По обојувањето во пастелни тонови, конзервацијата на предметите се завршува со тоа што се премачкуваат со фиксативен раствор од акрилна смола (3 % Паралоид и Толуен). Тоа финализирање има функција на заштитен слој заради понатамошно зачувување и презентација на археолошкиот материјал.

Фази на реконструкција и конзервација на керамички сад



На археололошките наоди од локалитетот „Врбјанска Чука“, с. Славеј, Прилеп во текот на повеќе години од ископувањата е посветено големо внимание и соодветен конзерваторски третман на голем број селектирани археолошки предмети. Самиот проект за археолошки истражувања и ископувања на овој локалитет има долгорочна континуирана активност и голем број резултати при откривање на состојби и број на археолошки наоди.


Состојба на предмети пред и по конзерваторски процес на предмети од локалитет Врбјанска Чука



Истражувањата на локалитетот како и конзервацијата на селектираните предмети е со цел како следен чекор да биде формирана посебна археолошка поставка за истиот локалитет. Предвидената поставка покрај неолитскиот култен објект „Жртвеник“ (којшто моментално е изложен и е дел од Археолошката поставка во изложбената сала при НУ Завод и Музеј – Прилеп) ќе треба да содржи и завиден број на предмети со завршена конзервација од истиот локалитет. Сето ова ќе придонесе за изградување изложбена археолошка целина, а воедно и за вистинско претставување на состојбата, значењето и историјатот низ вековите на самиот локалитет.

Конзервација на археолошки предмети од локалитет Стибера - состојба пред и по конзерваторски процес








На голем број од предметите најдени при ископувањата во локалитетот „Стибера“ е реализиран конзерваторски третман, во зависност од материјалите од коишто се направени и соодветно на нивната состојба на оштетувања, деструктивни влијанија и наталожени депозити од земја и други нечистотии.

Неолитски култен објект - Жртвеник, локалитет Врбјанска Чука, с. Славеј, Прилепско



Еден од значајните археолошки локалитети во прилепското опкружување, како дел од античкиот историски период е локалитетот Стибера, с. Чепигово (3 век пр.н.е до 3 век – Римски империјален период). На истиот се вршат долгорочни археолошки истражувања и ископувања, а самите археолошки наоди претставуваат вистинско богатство при оформување на приказот и сознанието за античкиот град Стибера. Конзерваторскиот третман врз наодите се реализира по секое ново ископување. Пронајдените предмети се направени од различни видови материјали: камен, печена земја, керамика и различни видови метали. Нивната намена, употребната цел и формите на наодите се различни: мермерни фигури и фигурини, мермерни бисти, делови од камени столбови, керамички садови, калапи од теракота и декоративни предмети. Исто така, во значајните наоди постојат метални предмети, железни врвови од копја, различни видови монети и фрагменти од ѕидна декорација.

Состојба на метални предмети пред и по завршен конзерваторски третман





Своевремено беше реализирана и реконзервација на предмети од Археолошката поставка при НУ Завод и Музеј – Прилеп, како неопходност за одржување на изложените предмети. Со оглед на различните материјали од кои се направени самите предмети, како и видот на претходно направените конзерваторски постапки, процесот на реконзервација е процес што не престанува како превенција, чување и одржување на состојбата на веќе конзервираните и изложени археолошки предмети. Покрај работата на заштита и конзервација на предмети од споменатите локалитети, во одделението за заштита и конзервација се вршат активности врз конзервација на предмети од повеќе други археолошки локалитети, коишто се дел од стручниот интерес на археолозите и нивните проекти за истражувања и ископувања. Секоја година од страна на одделението за конзервација се реализираат нови проекти за заштита на археолошки наоди од актуелните локалитети како и археолошки локалитети каде што се реализирале процеси на конзервација на археолошки предмети заради стручниот интерес и континуитетот на сознанија за посебните проекти, со оглед на периодите од коишто припаѓаат самите локалитети.

Освен активностите за заштита и конзервација на предмети од керамика, камен, различни видови метали, монети, стаклени предмети и друго, во одделението за заштита и козервација беше реализирана и примарна конзервација на хартиени икони од црквата „Св. Благовештение“, Прилеп. Графичките листови беа затекнати во лоша состојба. При наоѓањето беа покриени со голем број деструктивни депозити, нечистотии, отпадни материјали и видливи оштетувања од глодари, влага и наслоена исчаденост. Во одделението за конзервација по констатирање на состојбата, се направи концепт на специјален приод за отстранување на штетните депозити и нечистотии. По припремните конзерваторски постапки на графичките икони беше продолжено со процес на реставрација.

Покрај конзерваторски третман на археолошки предмети, во одделението се врши заштита и конзервација на разни видови предмети како дел од културното наследство, како што е и „Збирката на оружје и воена опрема од периодот меѓу двете светски војни и НОВ“ во соработка со историското одделение при НУ Завод и Музеј – Прилеп. За проектот „Роднокрајно музичко творештво“ беше реализирана постапка на чистење и конзервација на предмети и музички инструменти, направени

од различни видови материјали и со различна употребна намена. Истите беа подигнати од депото за етнологија и соодветно на нивната различна состојба на оштетување, со неинвазивни методи се изврши корекција и трајна заштита.

При археолошките истражувања и вадењето разни видови предмети од земја, од вода, или од друг простор, доаѓа до радикално менување на условите во кои дотогаш се наоѓале, а резултатот е комплетно нарушување на стабилниот интерактивен однос што со векови бил создаван помеѓу нив и нивната непосредна физичка средина. Таквата промена на амбиентот може да биде и најчесто е една од причините поради која почнуваат да се случуваат процеси коишто предизвикуваат дополнителни сериозни нарушувања на артефактите. Причинителите на деструкција кои ги има во земјата или водата, или други археолошки средини, се наоѓаат и во атмосферата и можат негативно да влијаат врз општата состојба на предметите. Поради тоа, конзервацијата на предметите од различни видови материјал, како и стабилизацијата на нивниот активен деструктивен процес, подразбира примена на низа комплексни постапки коишто се избираат врз основа на состојбата на самиот артефакт. Пропишаните методи и материјалите кои се применуваат при реконструкција, конзервација и други тековни активности, се веќе проверени методи. Досега, истите кои ги применуваме во одделението за заштита, се применувани и кај нас и во светот и даваат добри резултати.

Во одделението за заштита и конзервација се избегнуваат сите оние техники, чии резултати не можат да бидат поништени, односно сите третмани кои се користат се проверени и реверзибилни. По ваков начин заради реверзибилноста, опцијата за повторно конзервирање секогаш е отворена, со што и постојаната заштита на артефактот е сигурна. Ваквите проверени материјали и методи секогаш даваат добри резултати и сигурност при конзервацијата на културното наследство.

Горан Стојаноски
конзерватор советник

ТЕХНИЧКА (ИЛУСТРАТИВНА) ДОКУМЕНТАЦИЈА

Одделението за техничка (илустративна) документација во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп работи од 1986 година. Техничката (илустративна) документација по својата природа е многу специфична и е од големо значење, а се изработува со цел да се зачува еден автентичен документ за постојната состојба на целокупното движно и недвижно културно богатство кое се наоѓа на територија на општина Прилеп, па и пошироко, како и она кое се наоѓа во депоата на НУ Завод и Музеј – Прилеп.

Поради потребата од овој вид на документација во сите други одделенија, ова одделение има тесна соработка со истите, така што во него се изработува техничка (илустративна) документација од областа на:


- Историја на уметност: живопис, иконопис, архитектура и др;
- Археологија: предмети од керамика и метал, монети, накит, теренска документација и др;
- Етнологија: етнолошки материјал;
- Историја: разни предмети.




Средновековен живопис, црква „Св. Никола“, Варош

Техничката (илустративна) документација се изработува во неколку размери според потребите, а се црта во црно бела и колор претстава, на хамер хартија, како и на паус хартија. Изработената документација се користи и во други цели за потребите на НУ Завод и Музеј, како на пример илустративен дел во публикување материјал од работата на институцијата.

Учество во организирање на изложби од разни области, во графичко-илустративна подготовка на каталози, плакати, покани и др., како и во проекти за евиденција на недвижното и движно културно наследство на територијата на општина Прилеп.





Источна и западна фасада
од средновековна црква, „Св. Никола“, Варош



Средновековна фреска, црква „Св. Никола“, Варош

Благоја Атанасоски
конзерватор советник

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Одделението за документација во НУ Завод за заштита на спомениците на култура и Музеј – Прилеп е формирано во 1984 година. Во него се извршува евиденција преку активности како од областа на заштитата на спомениците на култура, така и од областа на музеологија, односно одделението е во директен сооднос со другите одделенија.

Дејноста од областа на заштитата на спомениците на култура во Одделението за документација опфаќа регистрација на спомениците на култура во Општинскиот регистар за недвижни и движни споменици на култура, како и прибирање, систематизирање и депонирање (систем Досие) на целокупната документација (дескриптивна, фото и техничка) за регистрираните споменици на култура на територијата која е во надлежност на НУ Завод и Музеј – Прилеп. Со депонирање на документацијата за регистрираните споменици на култура по систем Досие (Досиетека) се овозможува и ефикасно користење на тој документациски фонд.

Паралелно се води и електронска основна евиденција преку електронски книги од областа на заштитната дејност и тоа: општ инвентар на недвижни добра од културно и историско значење, општ инвентар на движни добра од културно и историско значење и општ инвентар на нематеријални добра од културно и историско значење.

Основната евиденција се води согласно Правилник.

Од областа на музеологијата дејноста се остварува со електронски систем составен од електронски музејски книги и тоа влезна книга, книга на инвентар на музејски предмети, излезна книга на музејскиот материјал и музејските предмети и книга за изложби.

Во влезната книга се врши електронска евиденција на музејскиот материјал што НУ Завод и Музеј – Прилеп го прибавил заради негово истражување, средување, стручно и научно обработување, проучување и презентирање.

Во книгата на инвентар на музејските предмети се евидентираат податоци за музејските предмети, кои поради своите вредности, својства, содржини или функции имаат културно, научно, историско, природно и друго значење. Секој запис на книгата на инвентар содржи податоци за предмети што се сопственост на НУ Завод и Музеј – Прилеп, кои трајно се чуваат и заштитуваат.

Во излезната книга на музејски материјал се врши електронска евиденција на целокупниот музејски материјал што трајно или привремено излегува од НУ Завод и Музеј – Прилеп, а во книгата за изложби на музејски материјал се евидентираат реализираните постојани изложбени поставки и повремени и подвижни изложби на НУ Завод и Музеј – Прилеп. Оваа книга служи и како информативно- документарно помагало.

Сите електронски книги имаат и хартиен примерок кој се печати и вкоричува на начин пропишан со Правилник.

Ревизија на севкупниот евидентиран музејски материјал се врши на секои 5 години, а со реевиденција одделно се евидентира музејскиот материјал за кој се констатира дека во меѓувреме ја изгубил музејската вредност, не постои или е уништен.

Здравко Трајкоски
документатор

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ, АДМИНИСТРАТИВНИ, ОПШТИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во 1981 година со прераснувањето на Народниот музеј − Прилеп во Завод за заштита на спомениците на култура, природните реткости и Музеј, основано е и ***Одделение за правна заштита на спомениците на култура***, односно правната заштита на спомениците на култура станува една од основните дејности во новоорганизираната институција, и е во непосредна поврзаност со останатите стручни дејности.

Подоцна, со Правилник за систематизацијата на работните места во НУ Завод и Музеј − Прилеп ова одделение се преименува во ***Одделение за правни и стручни работи***, а со новите измени во 2022 година оделението се преименува во ***Одделение за правни, административни, општи работи и човечки ресурси.***

Во Одделението за правни, административни, општи работи и човечки ресурси при НУ Завод и Музеј – Прилеп се спроведуваат правни, кадровски, административни и организациони работи за потребите на Националната установа.Во одделението се подготвуваат сите општи акти на установата, поединечните акти и материјалите за и од седниците на Управниот одбор, како и поединечните акти од надлежност на директорот. Се работи засновањето, мирувањето и престанокот на работниот однос, остварувањето на правата на работниците од работен однос и нивната материјална и дисциплинска одговорност. Се вршат работи поврзани со регистрацијата на установата и пријавувањето на статутните и други правни промени, имотно-правната документација на установата и остварувањето на нејзините имотни права. Се подготвуваат постапките за јавни набавки, договори за сите предметни облигациони односи на установата, правни мислења и толкувања од предметните области и се укажува на правната основаност на работењето на установата врз сите основи.

Се води оценување за постигнувањата на вработените административни службеници и за давателите на услуги. Се изготвуваат решенија за стручни тимови за работа на терен, за вршење увиди, за работа на конзерваторски основи и конзерваторски услови, решенија за конзерваторски и археолошки надзор и др.

Одделението исто така изготвува правни акти кои произлегуваат од позитивната законска регулатива, а кои се

однесуваат на целокупното работење во институцијата. Во 2020 година со Одлука на Владата на Република Северна Македонија, бр. 44-2356/1 од 07.04.2020 година, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 94/20, се запишаа во Катастарот на недвижности на РСМ недвижностите – објекти, сопственост на Република Северна Македонија, на КП бр. 940, КО Небрегово во Имотен лист бр. 294 КО Небрегово.

Во програмата за работа на НУ Завод и Музеј – Прилеп за 2022 година е предвиден проектот „Едукација на имателите на заштитени и евидентирани културни добра под надлежност на НУ Завод и Музеј – Прилеп I-ва фаза“ кој ќе биде долгорочен проект. Имено, проектот ќе претставува значаен придонес во заштитата на културното наследство во смисла на подобро запознавање со вредностите, состојбата и начинот на менаџирање. Едукацијата на имателите покрај другото ќе ја подобри комуникацијата и ефикасноста во соработката со надлежната институција НУ Завод и Музеј – Прилеп во интерес на подобра заштита на културните добра.

Денес во *Фондот на споменици на културата* при НУ Завод и Музеј – Прилеп регистрирани се вкупно 28 недвижни споменици лоцирани во Прилеп и неговата поширока околина и истите се систематизирани како по периодот на нивното настанување, така и по стилско-естетските, урбани и природни карактеристики.

Споменици на култура – археолошки локалитети

- археолошки локалитет Стибера, село Чепигово,
- археолошки локалитет Градиште, село Дебреште.

Споменици на култура од сакрална архитектура

- црква „Св. Никола“, Варош,
- црква „Св. Димитрија“, Варош,
- црква „Св. Богородица Пречиста“, Варош,
- црква „Св. Петар“, Варош,
- црква „Св. Атанасие“, Варош,
- манастир „Св. Архангел Михаил“, Варош,
- манастир Трескавец со црква „Успение Богородичино“,
- манастир Зрзе со цркви „Св. Преображение“ и „Св.Петар и Павле“,
- црква „Св. Никола“ , село Зрзе,
- црква „Св. Никола“, село Манастир,
- манастир Слепче со црква „Св. Никола“,

- црква „Св. Богородица“, село Костинци,
- црква „Св. Благовештение“, Прилеп.

Споменици на култура од исламска архитектура
- Чарши џамија, Прилеп,
- Скршена џамија, Прилеп,
- Турска бања, Прилеп,
- Амам бања (Амам Темемеле), Прилеп,
- Куршумли ан, Прилеп.

Споменик на култура од профана архитектура
- Саат кула, Прилеп.

Споменик на култура од рурална архитектура
- Спомен дом „Блаже Конески“, село Небрегово.

Споменици на култура - урбанистички комплекси
- Споменичка целина Стара Чаршија, Прилеп,
- Споменичка целина Варош.

Споменик на култура - културен предел
- Културен предел Маркови Кули.

Споменици на култура од НОВ
- Парк на револуцијата, Прилеп,
- Меморијален музеј „11 Октомври 1941“, Прилеп,
- Меморијален музеј „Кузман Јосифоски-Питу“, Прилеп.

Стручните лица од Одделението за правни, административни, општи работи и човечки ресурси ги посетуваат сите обуки, трибини, предавања кои се од значење за навремено следење на промените и новините во законската регулатива. Посетени се следните обуки: обука за водење на ИСУЧР системот, обука за вработувања, мобилност, унапредување и др., обука за архивски материјал, обука за законот за јавни набавки, обука за примена на ЗРО во услови на пандемија и др., обуки за безбедност и здравје при работа, обуки за заштита на лични податоци.

Ангела Аческа
виш соработник за општи, административни и правни работи

СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА БИБЛИОТЕКА

Библиотечната дејност во Народниот Музеј - Прилеп започнува од 01.04.1958 година со вработување на првиот библиотекар, Дивна Чатлеска. Библиотеката по пат на размена, претплата и подарок до јули 1980 година создава библиотечен фонд од над 16 илјади публикации и од околу 7 илјади публикации за меѓубиблиотечна размена. Но во јули 1980 година, целокупниот библиотечен фонд на библиотеката и библиотекарот од Народниот Музеј - Прилеп преминуваат во новоформираниот Институт за истражување на старословенската култура. Во тој период во Народниот Музеј - Прилеп доаѓа до прекин на библиотечната дејност. Од јануари 1981 година со враќање на библиотекарот во Народниот Музеј - Прилеп, библиотеката продолжува со работа, но од почеток го создава библиотечниот фонд бидејќи целокупниот библиотечен фонд останува во Институтот за истражување на старословенската култура.



Специјализирана библиотека со читална

Од 01.07.1981 година со промена на името во Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј - Прилеп, библиотеката работи како Специјална библиотека, а од 2004 година со Законот за библиотеки, библиотеката го добива своето денешно име Специјализирана библиотека. Нејзината основна задача е преку набавување на библиотечен материјал од областа на археологијата, нумизматиката, етнологијата, историјата, историјата на уметноста, архитектурата, конзервацијата и друг материјал, да создава фонд на публикации со цел да ја помага стручно техничката и научно-истражувачката работа во установата. Библиотеката е од затворен тип и е ограничена за одредена корисничка група, зависно од целната група корисници.

Библиотечниот фонд се состои од монографски и периодични изданија на домашна и странска литература, општи информативни публикации - енциклопедии, лексикони, речници, библиографии, прирачници, водичи, каталози и сл. Нашата стручна литература ја користат и студенти, студенти на постдипломски студии, се користи и за подготовка на докторати и од други физички и правни лица со кои соработува установата. Специјализираната библиотека денес располага со библиотечен фонд од околу 5 200 публикации.

Секоја година библиотеката го зголемува библиотечниот фонд со купување, размена со сродни институции од земјата и странство, подароци, завештанија, како и преку отстапување и преземање од други правни и физички лица. Во збогатувањето на библиотечниот фонд учествува и Министерството за култура на Република Северна Македонија со финансирање на проектот: „Набавка на домашни и странски публикации“ со Годишната програма за работа од областа на библиотечната дејност.

Специјализираната библиотека поддржана од современата информациска и комуникациска технологија успешно функционира и на тој начин обезбедува услови за дијалог и соработка како најдобра основа за развој. Во оваа насока, во мај 2018 година, склучен е Договор помеѓу НУ Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Центар ВБМ - Скопје и НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп, за имплементација на системот COBISS во Македонија, склучен помеѓу Националниот COBISS-центар и Институтот за информациски науки - Марибор, Словенија и интересот за соработка во

рамките на библиотечно-информацискиот систем Cobiss.mk и мрежата Cobiss.net.

Со потпишување на овој договор, Специјализираната библиотеката на НУ Завод и Музеј - Прилеп добива статус на полноправна членка во системот Cobiss.mk и со тоа можност за активно учество во системот на заемна каталогизација Cobiss.mk или само за користење на базата на податоци Cobib.mk, користење на програмската поддршка Cobiss за автоматизација на библиотечните функции и користење на услугите на Националниот Cobiss-центар. COBISS (кооперативен онлајн библиографски систем и сервиси) е модел на систем кој претставува платформа на националните библиотечно-информациски системи во Словенија, Србија, Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Бугарија и Албанија и Косово. Сите наведени системи се поврзани во регионална мрежа Cobiss.net.

Библиотекарите на Специјализираната библиотека, следејќи ја современа информациска и комуникациска технологија, обучени за работа во базата на податоци Cobib.mk, го внесуваат постоечниот библиотечниот фонд на Специјализираната библиотека во базата на податоци Cobib.mk.

Линк до е-библиотека:
https://plus.cobiss.net/cobiss/mk/mk/bib/search?db=zmpp

Библиотечно катче „Од Блаже Конески за Блаже Конески“

Во склоп на Специјализираната библиотека на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп од 2021 година (година во чест на 100 годишнината на Блаже Конески) е отворено катче: „Од Блаже Конески за Блаже Конески“.

Целокупниот фонд ќе биде внесен во базата на податоци Cobib.mk и ќе носи своја интерна ознака „БК“ каде ќе се сместуваат сите монографски и периодични изданија кои ни ги поклонуваат: Фондацијата „Небрегово“, Институтот за македонски јазик „Крсте Петков-Мисирков“, посетителите во родната куќа на Блаже Конески во Небрегово, друштва на писатели на РС Македонија и други.



Библиотечно катче „Од Блаже Конески за Блаже Конески“

Со завештание, д-р Бошко Бабиќ на библиотеката и остави легат од 740 библиографски публикации. Целокупниот фонд од неговиот легат ќе биде внесен во базата на податоци Cobib.mk и ќе носи своја интерна ознака „ЛББ“.

Биљана Темелкоска
библиотекар советник

МУЗЕИ И ПОСТАВКИ

МЕМОРИЈАЛЕН МУЗЕЈ „11 ОКТОМВРИ 1941“

Меморијалниот музеј „11 Октомври 1941“ се наоѓа во центарот на Прилеп, на улица „Илинденска“, б.б. Зградата во која е сместен музејот е изградена на почетокот на XX век. За време на окупацијата (1941 – 1944), овој објект бил претворен во бугарски полициски участак во кој била сместена окупаторската полиција. На 11-ти октомври 1941 година, борците од Прилепскиот партизански одред извршиле вооружен напад врз участакот и врз други објекти во градот, со што започнало вооруженото востание на македонскиот народ против фашистичкиот окупатор.

На 1 мај 1952 година во оваа зграда за првпат е отворен „Музеј на НОВ“ во Прилеп, а по повод 20 години од НОВ на 11-ти октомври 1961 година отворена е постојана музејска поставка и на тој начин овој објект е претворен во Меморијален музеј „11 Октомври 1941“.



Меморијален музеј „11 Октомври 1941“ - Прилеп

Во 1971 година по повод 30 години од НОВ, музејската поставка е проширена и збогатена со нови содржини, откако во објектот е извршена адаптација. По десетина години започна реновирање на зградата, со што беа овозможени услови за презентација на новата музејска поставка, која беше отворена на 10-ти октомври 1983 година.

По повод 70 години од почетокот на вооруженото востание, во 2011 година се реализира проект за целосна санација на објектот како и преуредување на Меморијалниот музеј „11 Октомври 1941“ – Прилеп. Музејската поставка е збогатена со музејски експонати и се состои од: оружје, воена опрема, фотографии, документи, карти, скици, летоци и слично, а сместена е во простор од околу 236 м^2.

Свеченото отворање на реновираниот и збогатен со експонати Меморијален музеј, се случи на 10-ти октомври 2011 година по повод големиот јубилеј.



Меморијален музеј „11 Октомври 1941“ – Прилеп, денешен изглед

Во приземјето, на самиот влез, се наоѓа макета на некогашниот изглед на објектот во кој денес е сместен Меморијалниот музеј со неговата непосредна околина. Над оваа макета, на пано, испишана е мисла на Јосип Броз Тито за вооруженото востание на македонскиот народ против фашистичкиот окупатор од 11-ти октомври 1941 година.

Во Сала 1 прикажана е историјата на Прилеп и прилепско до 1940 година и тоа Преродбенското движење, Илинденскиот период, Балканските војни, Првата светска војна и периодот помеѓу двете светски војни. Во рамките на оваа сала, во засебен ограден простор, инпровизирана е полициска канцеларија за испрашување на затворените лица со поголем број музејски предмети.



Полициска канцеларија



Витрина со пушки

Во Сала 2, презентирани се настаните по априлската војна во 1941 година, окупацијата на Македонија, до почетокот на вооруженото востание во Прилеп на 11-ти октомври 1941 година.

Во Сала 3, музејската поставка е посветена на настаните од 11-ти октомври 1941 година, со фотографии на борците кои го извршиле вооруженият напад на участакот, на затворот и на телекомуникацискатa мрежа. Во оваа сала се поместени и фотографиите на борците од месноста „Црвени стени“ и од одредот „Гоце Делчев“. Тука е поместен и списокот на 154 борци, носители на „Партизанска споменица 1941“ од Прилеп и прилепско. На западниот ѕид од Сала 3, доминира огромниот мурал на тема „Национално ослободителните борби на македонскиот народ“ од прилепскиот ликовен уметник Борко Лазески, а во средината од салата се наоѓаат повеќе видови огнено оружје.



Борците на првиот прилепски партизански одред „Гоце Делчев“



Мурал „Национално ослободителните борби на македонскиот народ“ од Борко Лазески и огнено оружје

Во ходникот на катот поставени се Указите – Повелби на петнаесетте народни херои од Прилеп, како и бистата од бел мермер на Јосип Броз-Тито.

Во 2018 година во овој дел е сместена изработената реплика на Орденот „Народен херој“, признание кое Претседателот на СФР Југославија со Указ од 7 мај 1975 година му го доделува на Прилеп за неговиот голем влог во победата над фашизмот, изразено преку голем број учесници и жртви во Народноослободителната војна 1941-1945 година.



За споменик на културата Меморијалниот музеј „11 Октомври 1941“ е прогласен во 2003 година.

Со содржината на музејската поставка од Меморијалниот музеј „11 Октомври 1941“, како и со својот воспитно културно-образовен карактер, се влијае врз посетителите, особено кај помладата генерација за чување и негување на нашето историско минато.





Посетители во Меморијалниот музеј „11 Октомври 1941“, Прилеп

Орден „Народен херој“ на Прилеп

Прилеп, за сè што направи во НОВ од 1941 до 1945 од страна на Претседателот на СФРЈ, Јосип Броз-Тито, на 7 мај 1975 година беше одликуван со Орденот „Народен херој“.

Во 1993 година Орденот исчезна од општинските простории.

За таа цел на иницијатива на Општинската организација на Сојузот на борци – Прилеп и НУ Завод и Музеј – Прилеп, а во соработка со Локалната самоуправа на Општина Прилеп, во 2018 година, беа направени две копии од метал (според оригиналот). Едната копија за Општина Прилеп, а другата е поставена во Меморијалниот музеј „11 Октомври 1941“.



Биста на Јосип Броз-Тито



Орден „Народен херој“

На свечен начин во општинската зграда беше откриена и реплика на орденот „Народен херој“ во мермерна плоча, за вечно сведоштво за херојството на Прилеп и прилепчани во Втората светска војна.

Рубинчо Белчески
кустос советник

МЕМОРИЈАЛЕН МУЗЕЈ „КУЗМАН ЈОСИФОСКИ – ПИТУ“

Меморијалниот музеј „Кузман Јосифоски-Питу“ се наоѓа на улица „Мара Јосифоска“, бр. 20 во Прилеп. Во куќата се родени: народниот херој Кузман Јосифоски-Питу, загинатата сестра Мара и првоборците носители на „Партизанска споменица 1941“, неговиот брат Аспарух и сестра Стефанка.



Меморијален музеј „Кузман Јосифоски-Питу“



Кузман Јосифоски-Питу (1915-1944)

Овој објект, за споменик на културата е прогласен во 1971 година. По извршената темелна реконструкција на куќата која е изградена кон крајот на XIX век, како Меморијален музеј „Кузман Јосифоски-Питу“ е отворен на 11-ти октомври 1977 година. До 1979 година овој Меморијален музеј е под надлежност на Самоуправната интересна заедница на култура на Општина Прилеп, а со Одлука на Собранието на СИЗ од 08.10.1979 година, истиот е споен со тогашниот Народен Музеј – Прилеп.

Автор на изложбената и музејска концепција е борецот Коце Солунски, а главен консултант бил братот на Кузман, Аспарух Јосифоски. Музејската историска и етнолошка поставка е сместена во три простории на 60 м^2, во кои се прикажани детството и револуционерната дејност на Кузман Јосифоски-Питу.

Во спалната соба, покрај железниот кревет на Кузман и миндерлак, изложени се повеќе предмети од секојдневниот живот на семејството. Тука е матурското табло од битолската гимназија, портретот на омилениот писател на Кузман, Максим

Горки, виден часовник, масичка со столици, а во долапите послужавници и семејни фотографии.



Спална соба – дел од ентериерот

Во кујната се изложени кујнски и други предмети кои ги употребувале во тоа време. Во и околу огништето се наоѓаат: котле на пирустија, бакарни тепсии и тави, сааново, ѓумови и друго. Тука се наоѓа и мангал за затоплување на просторијата.

Во гостинската соба изложена е историската поставка од фотографии од неговото детство, од ученичките денови во основното училиште во Прилеп и битолската гимназија, како и од времето додека студирал во Белград, писма со историска содржина, преписки со ПК на КПЈ, подоцна ЦК на КПМ и преписки со месни партиски раководства, напредна литература што ја читал во свое време и други експонати.

Во посебни витрини се сместени Указот за прогласување на Кузман Јосифоски-Питу за народен херој бр. 290 од 29 јули 1945 година и неговите: фото апарат „Кодак“, шаховска табла со фигури, одликувања и друго.



Гостинска соба – дел од ентериерот и поставката

Во мусандрата, која е интегрален дел на оваа просторија е сместена касела со алишта, изработена 1904 година, сопственост на Лефта, мајката на Кузман.

Со содржината на музејско-историскиот материјал, обработен и презентиран пред јавноста, како и со својот воспитно културно-образовен карактер, се влијае врз посетителите, особено кај помладата генерација за чување и негување на нашето историско минато и големиот влог на еден од најсветлите ликови од македонската историја, народниот херој, Кузман Јосифоски-Питу, кој го постигна највозвишеното човечко достоинство, односно, револуционерната работа да му биде задоволство, а не обврска и да го даде својот живот за слободата на својата татковина.



Рубинчо Белчески
кустос советник

МУЗЕЈ ЗА ТУТУН

Музејот за тутун – Прилеп (МТП) е еден од најголемите и најзначајни музеи за тутун во светот како по бројот, така и по значењето на експонатите.

Формиран во 1973 година, на 100-годишнината од изградбата на „Камениот магацин“, денес во склоп на Тутунскиот комбинат – Прилеп и 400-годишнината од првото засадување на тутунот во Прилеп и прилепско, Музејот обединил експонати од целиот свет и голем дел од нив се дел од европската историја, било кулоарска, било званична.



Експонати од збирките на Музејот за тутун

МТП е мошне специфичен и специјализиран ентитет на експонати и содржини, кои се поврзани со сите аспекти на тутунот. Овде во прв план е реткоста, документаристичката основа, историската вредност, екстравагантноста, перфектноста на изработката на експонатите, занаетчиските центри каде

експонатите се изработени, познатите сопственици на овие експонати, феноменологијата и духовната сфера, која, како сенка паѓа на историјата, давајќи ѝ го специфичниот мирис на тутунот. Ако се земе предвид местото на набавка и производство на експонатите, овој музеј е меѓународен, уметничко-занаетчиски, мануфактурен, репрезентативен, скап.




Изложба: „Тутунот како рамка на заедничкото живеење“, Скопски Саем, 2008 год.

Музејот ги поседува чибуците „Проклетството на племето Темне“, чибукот на царот Николај Романов, на Жаклин – познатата La courtisane nobleuse, на Ралица – љубовницата на Андропов, морнарското етуи на браќата Пинзон од вториот поход на Колумбо во Америка (1494), цигаретите од „Денот Д“, лулето на Зино Давидоф, луле од Првиот пушачки клуб на Сер Волтер Рајли (Sir Walter Raleigh), на свештеникот Валентајн Кемпбел (Valentine Campbell), „Кримското луле од Балаклава“, првата научна книга за тутунот „Tabacologia“ од Јоханес Неандер, табакерите од Тула, цигарата дадена на Ѓорѓи Цаца од Ј.Б.Тито, првите „Германски пиромагнетични кибрити“, чибукот од тајното студентско општество на Вилхелм Втори, и други вредни експонати.



Познати марки цигари во сопственост на Музејот за тутун – Прилеп

МТП ги групира експонатите спрема приказната, па така, ја има и колекцијата лулиња изложувани на светските изложби во Виена и Париз, лулињата од трите дена на „Декемвриската слобода“, познати и како „лулиња за прослава на роденденот на Митра“, во кои се пушат халуциногени печурки, чибуците од Тула и Солвичегодск (Solvychegodsk), виенските кафански „чибуци за кршење“, воените, јубилејните, студентските, свечените лулиња, водните лулиња за опиум и тутун, дозните за тутун за џвакање, пирогените пред хемискиот кибрит, табакерите кои „никогаш не си го пронашле својот газда“, ирско-британските Петерсен конкурентски лулиња, шпиунските тутуни, војничките чилами и многу други експонати, кои „носат“ своја приказна.



Изложба: „Чадот на задоволството“, Музеи на Македонија, 2012 год.

МТП е единствен од ваков вид на Балканот и покрива проблемско поле, кое ниту еден друг музеј во поранешна Југославија не го покрива – тутунот. Неговите експонати потекнуваат од 4 континенти, произведени во познати производствени центри во светот, од посебни мајстори, во различни владеачки стилови во времето кога се изработени и покриваат широко уметничко и применето уметничко поле, во кое е тутунот центар, мотив и инспирација и тоа не само во производството и експонати за уживање тутун, туку и во неговата употреба, легендите, социјалната сфера – којашто ја твори, трговијата, шверцот, шпиунажата, законите за регулација, прохибицијата на тутунот, рекламирањето и брендирањето, па до феноменот на тутунот и како растение и како инспирација и како културен феномен.



Насловна страна на каталогот од изложбата: „Тутунот низ мака и убавина“, Центар за култура Марко Цепенков, 2006 г.

МТП е музеј на приказните – поврзани со експонатите, па нашите експонати „говорат“ за историјата на светот – видени со очите на тутунот и секако, погледнати низ човековата глупавост, токму затоа што тутунот е луксуз, а со него заедно оди и човековата недугавост, суета, желба за покажување и „алфа“ желбите. Само така може да се разберат многу историски феномени, кои МТП „ги приземјува“, ги разоткрива, ги профанизира и ги открива вистинските мотиви за настанокот на (на пример) лулиња кои се долги повеќе од 1 метар, кои чинат колку лимузина, кои се толку накитени – што стануваат непрактични.



Бурмутница, Ханау, француски двор



Кибрит кутија, пиромагнетичен, Германија



Отворање на изложбата „Чадот на задоволството“, Музеи на Македонија, 2012 год.

Значење на Музејот за тутун

Во времето на настанувањето на МТП, Прилеп бил центар на тутунската индустрија на Балканот и бил главен производствен центар за цигарети, ферментиран тутун и семе за тутун, како и центар на тутунската наука, со пошироко значење во светот. Музејот е само валоризација на таа улога на Прилеп во светот на тутунот.

За музеологијата овој Музеј е ново проблемско поле, нов начин на работа и „средба“ на модерниот пристап, со крутите методи на музеологијата. Неговите збирки дозволуваат развој на современ туризам на раритети, и „скроени“ посети за секој вид посетители, што е европски тренд. Овој музеј излегува од националните рамки по своето значење и може да претставува интернационална музејска топографија.



Бурмутница, кинеска, нефрит



Табакера – Леда и лебедот, Стерлинг сребро



Шандан за кибрит, Иран



Промоција на Каталогот на Музејот за тутун, Институт за тутун, Прилеп, 2011 год.

Посети и комуникација со јавноста

МТП е, без конкуренција, најприкажуваната музејска збирка во медиумите, во целата држава. За него се снимени и емитувани 39 телевизиски емисии од познати македонски и странски режисери и новинари, реализирани биле повеќе од 678 ТВ интервјуа, 108 написи во печатените медиуми и над 778 на социјалните медиуми, а беше и внесен во најголемите туристички водичи во Европа како туристичка дестинација.

Вкупно МТП е прикажан околу 1200 пати во Македонија, 24 пати на странска ТВ програма и го има во скоро сите електронски медиуми и бази на податоци. МТП е прикажан на државни телевизии во Франција, Германија, Србија и Австралија.

МТП е посетен скоро од целиот дипломатски кор, организирани туристички тури од Израел, Холандија, Норвешка, Турција, Германија, Кина, Јапонија, од градоначалници на градови ширум светот, со кои Општина Прилеп контактира и од многу други категории посетители.



Катер, резба во коска од орикс, Алжир



Прес клипинг од написи за Музејот за тутун, 1996-2016 год.

Посебна и важна група посетители се гостите на Научниот институт за Тутун – Прилеп (НИТ), на Универзитетот Св. Климент Охридски – Битола и на тутунските деловни ентитети. За овие гости МТП организира и специјални посети и настани во нашата сала. МТП редовно го посетуваат ученици од сите основни и средни училишта во Прилеп, од Македонија, а последните години имаме многу посетители, во рамките на Еразмус-програмите. Посебна едукација за културно наследство е организирана низ „скроено водење“ низ збирките на Музејот, наменето за студиски посети на студенти и експерти од неколку научни области.



Сосир за цигарети, сребро, филигран, Виена



Дел од уметничката збирка на Музејот за тутун

Историјат на Музејот за тутун


Збирките на МТП, во најголем дел, потекнуваат од изложбата по повод стогодишнината од изградба на Тутунскиот комбинат, односно изградбата на првиот Магацин за тутун во Македонија од страна на Акционерското друштво Régië Conteressée des Tabacs de l'Empere Ottoman во 1873 година, но истиот датум омеѓувал 400 години откако е тутунот за првпат засаден во Прилеп (во 1573 год.).

За таа прилика организирана е и ликовна изложба на тема тутун, на која учествувале најеминентните имиња од светот на уметноста во поранешна Југославија, со што Музејот за тутун доби и богата ликовна збирка, на која ѝ беа придружени и други ликовни и скулптурални дела од Македонија.

Садењето тутун во Прилеп е споменато и во Сицилот 44 од 1734 година, од кога тутунот е регулиран во сите негови форми.



Чибук, филигран, килибар и сребро, Истанбул, XVIII век



Табакологија, Јоханес Неандер, Бременска Република, 1626 год.

За сето ова да може да се оствари, реализирана е широка соработка на Народниот музеј во Прилеп, под раководство на директорот **д-р Бошко Бабиќ**, претпријатието „Југотутун“ од Скопје и Институтот за тутун – Прилеп, со што се остварила дамнешната желба на Прилеп да има репрезентативен Музеј за тутун. Навистина, на неговото отворање присуствувале највисоките претставници на југословенскиот естаблишмент, па и Јосип Броз-Тито.

Тајната за тоа како може еден мал музеј во провинција да има ваков музеј, лежи во фактот дека Прилеп има многу пријатели во светот, поради тоа што тука доаѓале многу уметници заради трите меѓународни уметнички симпозиуми, кои нашата институција ги организирала и каде доаѓале уметници од целиот свет. Така, во 1972 година, нашата институција испратила огромен број писма до своите пријатели да бараат експонати за нашиот музеј, приказни кои одат со нив и други податоци во врска со тутунот, на што овие одговориле со одушевување.



Чибук, венецијански лав



Чибук, проклетството на Темне, дрво, дијаманти, Сиера Леоне

Со тоа Народниот музеј – Прилеп испратил откупни комисии насекаде каде имало податоци за вредни експонати, а се случило повеќепати самите уметници да откупат експонати

за нас и лично да ги донесат и подарат за „новиот музеј“, присетувајќи се на младоста – кога биле овде како неафирмирани студенти или уметници.



Табакера,
слонова коска, Кина



Табакера, „Генералска“,
сребро, метали, Германија

Пријателството е важно, но уште поважна е моќта! Нашата институција обезбедила соработка со моќни институции од областа на тутунскиот бизнис (Југотутун, Македонија табак, НИТ, Тутунски комбинат – Прилеп), со многу источноевропски земји и институции за да ги набави и пренесе експонатите во тогашна Југославија (легално не смеело, поради законските ограничувања), со што судбината на овој музеј многу заличила на судбината на тутунот − ако не може законски, може со шверц и ако не може со пари, може со многу пари.

За жал, во 1979 година Постојаната поставка на Музејот за тутун е затворена, а експонатите тесаурирани. Во 1994 година нашата институција, со помош на НИТ, повторно ја отвори Постојаната поставка на МТП во прекрасна сала од 250 м^2, со 24 витрини, во зградата на Институтот за старословенска култура, каде и денес се наоѓа.

Од тогаш до сега, збирката е збогатена со повеќе од 1500 експонати од домашните и од европските „пазари од втора рака“, па сега брои над 4500 предмети, а само најзначајните, кои се музејски предмети, со највисок степен на заштита, се изложени. Добивме и подароци, како што се експонатите кои ги користел Ѓорѓи Цаца.



Чибук, „Царски апотропејски чибук“, дрво, сребро,
Ливно – Босна

Збирки на Музејот за тутун


Музејот за тутун поседува 3 големи збирки:

1. Збирка експонати за уживање тутун, народна манипулација со тутунот, алатки за изработка на експонати за уживање тутун и пирогени (Културно наследство од особено значење, поткатегорија од исклучително значење);
2. Збирка каширани фотографии, уметнички дела и стари книги;
3. Индустриска збирка, рекламирање и финални производи од тутун.

Делови од тие збирки се изложени за да ја создадат нашата Постојана поставка на МТП.

Постојаната поставка на Музејот за тутун – Прилеп

Ова е комуникациски приспособен дел на Музејот за тутун, кој изложува експонати од сите три збирки, а уметноста и кашираните фотографии, заедно со збирка на тутуни, се изложени во Поставката на уметнички дела и каширани фотографии во зградата на НИТ.



Сала на постојаната поставка на Музејот за тутун – Прилеп, Зграда на Институт за старословенска култура, во кругот на Научен институт за тутун

Во салата на Постојаната поставка се изложени 1112 дела, од кои 906 се музејски материјал од највисок степен и 206 се материјал со понизок степен на значење, но тоа не значи дека се помалку интересни.

Постојана поставка содржи:

1. Експонати за уживање тутун: Лулиња и делови од лулиња, чилами, водни лулиња, лулиња за дроги, наргили, чибуци, пепелници, дозни за чување тутун, табакери, кутии за тутун, порт-цигари, камиши, шандани, сосири, направи за служење и подавање цигарети, алатки за глинени лулиња, алатки за камиши, алатки за обработка, пеглање и пакување тутун, лиценцни табли и ознаки, бурмутници, потсекувачи, рол-машини и формирачи, машини за бурмут, за цигарети и тутун за луле, алат за поправка на лулиња, луцерни, порт-футроли за цигари, ќеси за тутун, лулиња за синтетички дроги, табакон лулиња, пирогени, кибрити, добернерови ламби, запалки.



Чибуци, Мојата жена и баба, слонова и морѓова коска



Табакера, Стерлинг сребро, аплициран емајл

2. Ликовни дела во сите можни техники, макети, скулптури, оригинални графики, стари книги поврзани со тутунот, оригинални фотографии, фотонегативи и огромна збирка каширани фотографии (фото – зголемени и припремени за изложување);



Графика, боена, Базарот во Лариса, XVII век



Графика, Китоловците, Канада, XIX век



Катер, коска од носорог, Мексико

3. Финални индустриски производи од тутун, цигарети, цигари, панателиа, корони, маријачи, цигарило, атрапи, филтри, хартии за машинско ролање, постери, бланкети, бандероли, трговски пакувања тутун, тутуни за малопродажба, рекламни табли, порт-табли, означувачи, значки, пенкала, шандани, послужувачи и порт-цигарети, биди, чурути, кибрити и индустриски пирогени, запалки, машини од тутунопроизводството, картони за откуп, документација за откуп, оригинални објави на закони, казни, ограничувања, јавно информирање, упатства и други публикации за одгледување и култивирање тутун, семиња за садење, примероци од нумерација на тутуни и многу други видови документи – поврзани со тутунот, плакети, награди, експериментални цигарети, трофеи, споменици, книги и други меморијали, материјали за изработка на експонати, а исто така содржи и специфични средства за рекламирање на тутунски производи, како рекламни свили и сликички, подароци за купувачи на цигарети, рекламна цигаретна хартија, цигарети и ретки и јубилејни примероци на цигарети и сл.



Наши колекции цигарети од домашно производство (Македонија)



Индустриски експонати од Музејот за тутун

4. Експонати од областа на народното производство на тутун (тутунопроизводство) и од интензивното и научно одгледување и заштита на тутунот: колчиња, кошеви и други предмети за пренос на тутунот, алатки за прашење, запрашување, окопување, заштита од штетници и печатени упатства за таа намена, хемиски и природни средства за контрола на штетници, обележување парцели, алатки за носење вода на нива и полевање на тутунот, прибор за нижење, сушење на тутунот, пеглање, пресување и/или пакување, опаковки тутун за предавање на тутунот, ознаки на класи и други упатства за пакување, чување, манипулација на тутунот, примери на колекции листови тутун за едукација, јубилејни пакувања тутун во домашна манипулација, алатки од процесот на манипулација и чување семиња за тутун, индустриски брендирани пакувања семиња и сл.



Кремен камен *Огнило, железо, Белград* *Трат (печурка)*

5. Литература и имици од која било област каде тутунот е инспирација, тема или колатерала, односно од сите области на феноменологијата на тутунот.



Посетители во Постојаната поставка,
Музејот е дел од дипломатската топографија на Македонија

Материјали од кои се изработени експонатите

Секакви видови скапоцено дрво: палисандер, јавор ребраш, тика, балса, вреж, бриар, афричка бубинга, бурмански падаук, африканско црно дрво (Dalbergia melanoxylon), сандаловина, „розева слонова коска“ (Berchemia zeyheri), амарант (Peltogyne spp.), дрво на животот (Guaiacum officinale and G. sanctum), бокота (Cordia spp.), јавански палисандер (Dalbergia latifolia), акација, махагон, темен јавор, вилински јавор и др., метали (бакар, месинг, електрон, челик, гус, отпадно железо, фолија, калај, платина, злато, сребро) и најразлични легури на метали, мершам, килибар, порцелан, штајнгут, платно, конци, драги и полудраги камења, гипс, каолин, ниело паста, глина, печурки, царевка, опсидијан, гумиарабика, китова амбра, желкини оклопи, слонова коска, коска од носорог, орикс, морж, афрички антилопи, морски лав, седефна и абалон школка, минерали, други драги и полудраги камења.



Чибук, филигран и лиење, сребро, Германија

Богатството на мотиви, сиже и орнаменти, како неизоставен дел од истражувањата и презентацијата на експонатите и предметите на Музејот за тутун, е редовно поврзано со епохата, стилот, меинстримот и вкусовите на луѓето низ вековите. Се разбира, тие ги следат владеачките стилови на времето.

Овие предмети се изработени низ целиот свет, од Кина, па до Шпанија. Познати се експонатите изработени во мануфактурите во Тула, Санк Петербург, 'Рзанско, Љублин, Солвичегодск, Иркутск (Иван Бухин, Брендерберг, Чевикалов, Салтиков, Кладујков) во Русија; во француската „Крунисана ружа", во Германија во Франкфурт, Ханау (Wolf & Knell, „Луфт едн Ханс",), Магдебург, Дармштадт, Нирнберг, Дилинген, Диселдорф, Ерфурт, во неколку работилници во Англија под брендот Стерлинг Силвер, Белгија (Антверпен, Бриџ), Данска (Копенхаген, Виборг), Италија (Болоња, Рим, Палермо, Аквила), Холандија (Амстердам, Хаг, Утрехт, Алкмар), или на планината Куанглун во Кина.



Табакера, седеф, злато, метал, Фаберже Париз – Москва



Табакера, сребро, злато, опал, Тула (Константин Кладујков)

Старост

Повеќето експонати потекнуваат од XIX и XX век, но имаме и со старост од XVII век, додека некои од нив се многу постари, но не се поврзани со употребата на тутунот, туку со пушењето халуциногени печурки, марихуана, хашиш, опиум и други треви, кои се користат од медицински, хедонистички или воени побуди и потреби. Такви се лулињата за пушење отровни печурки, со високо халуциногено дејство, кои се пушеле во римско време, како и чиламите за пушење дроги, кои биле неизоставен дел од војничката опрема (подоцна користени и за тутун, откако пристигнале од Америка).



Чибук, слонова коска, метал, Индокина, XIX век

Како и да е, експонатите за уживање тутун својот пат го започнале во XVII век, а пак пирогените ги има и порано, но од 1831 година ним им се придружуваат и кибритите, а од 1929 и џебните запалки. Ние ги имаме сите тие и тоа од најстарите, како што се „Германските пиромагнетични кибрити“ и „Конгрејв кибритите“, па сè до најновите „тематски“ запалки.



Катер и запалка, метал, Hullstrun, 1879 г.



Луле, „Ел Падрон“, мершам, сребро, метал, Кордоба



Луле, надвојвотка Ана, Мајсен

Постојат и многу постари експонати од оние за тутун, кои служеле за нешто друго, но кога пристигнало „неговото величество тутунот“, тие си ја сменила намената. Такви се женските етуи за пудер и шминки, кои станале бурмутници во времето и по наредба на Катарина II Медичи – регентката во име на својот малолетен син Карло (Charles) на францускиот двор. Таа радоста на тутунот ја запознала преку Жан Никот кој ѝ донел бурмут за да се излечи од главоболка, па наредила сите дами да го исфрлат пудерот и шминката од своите етуи и во нив

да стават бурмут, како „влезница“ за нејзините балови и приеми. Уште и наредила тутунот да се нарече Le herbe du Caterinae, но историјата неа ја запаметила по крволочноста, а Жан Никот по тутунот (тутунот за пушење се нарекува Nicotiana).

Исто така и морнарските етуи за ситници станале кутии за „дневен одгризок“, односно за дневното следување тутун за џвакање. Такви морнарски етуи имаме повеќе, но едно од нив патувало во 1494 година на истиот брод со Колумбо, заедно со својот сопственик, еден од двајцата браќа Пинзон – морнари во флотата. Кога го откриле тутунот (уште на првото патување 1493 или 1494 год.), морнарите „се навлекле“ мошне бргу и на џвакање и на шмркање и на пушење тутун. Сепак, на бродовите не смеело да се пуши, па морнарите во своите етуи веќе го чувале својот „морнарски отсечок“ или „дневен загриз“ тутун.

Колумбо, барајќи исклучиво злато, не видел дека тутунот е вистинското злато од кое најмногу се заработува.



Етуи, морнарско, Пинзон, Севиља, пред 1494 год.

Техники

Начините за изработка на лулиња и чибуци опфаќаат повеќе видови дрводелски техники (рачно обликување и ровашење, токарење, термо обработка и искривување со влага, калапи и по хемиски пат, тореутика и сл.); металуршки и метало-занаетчиски техники како лиење во песочни калапи, ковање, цизелирање, ровашење, калаисување, клоазонирање, гравирање, исчукување, штанц и машински штанц; златарски техники како филигран и машински филигран, гранулација, рачно и машинско полирање, гравирање, глодање, лемење, ниело паста, било во шамплеве или сават, интарзија, инкрустрација, „ливањски вез“ и сл., емајлирање од сите видови; боење и менување на природна боја со повеќе техники;


техники на ладно и топло обликување во коска и копито од барељеф до длабење во коска и скулптурирање; техники во килибар; теракотни, порцелански и техники на каменина, калапење и многу други.



Чибук, килибар, сребро, гранулација, Русија, XIX век

Тука се и техниките за поправка на чибуци и лулиња, менување камиши, за што имаме колекција алатки и описи на техники, како и народни техники за производство на експонати за дробење и сечење тутун, правење бурмут и заролување цигарети и цигари.

Индустриските, полуиндустриските и манифактурните техники се застапени кај голем дел експонати, кои се изработувани по средината на XIX век. Тие техники се од доменот на прецизна механика, лиење метални делови и рачно составување, производство на сечила за тутун, ризла, палмови лисја или за полнење хилзни.



Бакропис,
„Двајцата намуртенковци“
К. Хубнер, Трст, XVIII век



Графика – длабок печат,
„Слепите политичари“
Андриоли/Регулски

Феноменологија на тутунот – одразена во експонатите

Тутунот е феномен на апсурдот! Ќе најдете држави, каде нема основни пишани регулативи за човековите права, но нема да најдете држава или територија, каде тутунот не е законски регулиран во сите негови форми – од производство, дистрибуција и заштита, па до трговија, употреба и забрани. Тој ги обединува двата пола – географски и родово, сите раси, етноси, религии, континенти...

Тутунот е луксуз, па токму поради тоа и експонатите за уживање тутун влегуваат во таа референтна рамка. Добро е познато дека луксузот и човековата глупавост одат „рака под рака“ и нормално е дека и тутунот како луксузен производ е поврзан со човековата глупавост, за што сведочат голем број наши експонати, како „ловечките лулиња“, „лулето од Куково време од Лондон со приказна од Австралија“, „лулиња за заштита од препушување опиум“, „германскиот молитвеник – табакера од Скопје“, табакерата со шминка, огледало и кармин и сл.



Луле, „Султанска – Кримска“, Балаклава, Крим



Луле, Атаман, сандаловина и метал, Лублин

Причината што Музејот за тутун е феноменолошки музеј е тоа што ние преку експонатите пробуваме да го доловиме човекот со своите смешни потреби, желбата за истакнување и користење на секоја прилика за тоа, човековата неискреност и перфидност, како и инструментализацијата на тутунот во научни, политички, воени, љубовни и други цели. Експонатите како „шпиунските тутуни и цигарети“ ни ја раскажуваат таа приказна, како трговците со тутун и цигари биле легла на

шпиони и секоја држава развивала такви брендови за да ја сокрие својата шпионска активност и припреми за војна. Вистински пример за тоа се тутуните од Германија и Велика Британија, кои ги продавале во Египет и други арапски земји.

Тутунот не е обична индустриска култура, затоа што создава културна сфера околу себе и преминува во доменот на стилот, хедонизмот, вкусот, начинот на живот. Затоа е речено:
„Лулето и часовникот се два најважни пронајдоци на времето:
едниот го мери, другиот го крати.“

На многумина би им било нелогично дека МТП може да говори за човековиот дух и хир, но не мора да се оди понатаму, туку само да се констатира дека потребата за пушење, џвакање или шмркање тутун е далеку надмината во големината, формата, материјалите и техниките на изработка на опремата за тоа, со јасна намера овие предмети да се ослободат од прерогативот на скромноста, еднаквоста пред Бога и практичноста. Со тоа, овие предмети веќе преминале од предмети за секојдневна употреба и/или за уживање тутун, во полето на применетата уметност, убавиот дизајн, феноменологијата, семантиката... За нив говориме како знаци, а не како за обични предмети, со што човековите желби и мотиви стануваат подложни на разумот.



Луле, јасновидец од Варна, амбра, слонова и коска од носорог, Измир



Бурмутница, лаково дрво, Русија, XIX век

Поинаку не би можеле да објасниме заради што некој би пушел луле долга 2 метри, тешка три килограми. Тоа не би го сфатиле ако не го споредиме со пушењето наргиле. Значи, тие лулиња се пандани на наргилињата, или „западен одговор“ на

исламскиот хедонизам. Како да се разбере постоењето на „воени лулиња“, „свечено луле“, „јубилејно луле“, или „студентско луле“, кои се потполно одделени во свеста на еден граѓанин во Австро-Унгарија, ако не ја знаеме историјата на истите, ако го немаме податокот дека студентите, барем до 1848 година, се бунеле против властите пушејќи ги тие студентски лулиња на јавно место, што било забрането за жени и за студенти? Навистина, војниците, кои пушеле од тие воени лулиња, на плоштадот во Виена, пукале на своите врсници – студенти, затоа што овие ги запалиле своите студентски лулиња.



Чибук, филигран и гранулација, сребро, килибар, Египет

Тутунот својата кариера ја започнал апсурдно, како украсно растение (има тутуни од видот vulgaris со прекрасни цветови), потоа како растение – раритет (за покажување на растенијата пред гостите, кои треба да бидат засенети и воодушевени), за што поседуваме голем број стари цртежи на тутуни, а потоа, кутриот, станал и Herbae Medicus (лековита трева) и со него лечеле секакви болести, од калуси на нозете, па до лудило и главоболка. Славата на тутунот дошла до таму да го нарекуваат Herb de tous les maux (трева за сите болести).



Тутункутија, сребро, ниело, Гордон од Прага



Чибук, бидермаер, шеговит, мершам, амбра, слонова коска

По големата слава следела прохибиција на тутунот и секој владетел сакал да воведе посилно ограничување на тутунот од другиот владар, но, се разбира, сите тие владари ја изгубиле

битката со тутунот, затоа што не може да забраниш нешто што народот го сака, но има и повеќе: етничките и верски групи сакале да се разликуваат и преку различните експонати, па така имаме „европски“ чибуци со претстава на човечки ликови – што е забрането во исламскиот свет и „исламски“ чибуци со широки крушковидни муштикли, кои не се стават во устата, туку само се прилепуваат до усната. Едните ги нервирале другите со антропоморфните чибуци, а другите пак ги исмевале првите затоа што го ставале чибукот во устата (сексуална конотација).



Бурмутница, Инро, желкина кора, XIX век, Јапонија



Бурмутница, желкина кора, Иркутск, Русија XVIII век

Дури и најголемите човекови неволји се претставувани низ овие експонати за уживање тутун. Такви се лулињата од Холандија наречени „мојата жена и мојата баба", кои ги направил еден златар, кој бил постојано малтретиран од сопругата и од нејзината мајка. И еден ден тој ги изработил главите, на овие двете, кои со склопување на елементите, се претвораат во лулиња, па тој можел да пуши од нивните глави. Сепак, кога го фатиле дека тоа го прави, не си поминал убаво.



Луле – Ложиште, војничко, порцелан, месинг, Австро-Унгарија

Но, уште поголема неволја е кога ќе ве обесат. Такви неволји имале Сер Волтер Рајли и Валентин Кемпбел, па и

двајцата го испушиле последното луле под бесилка. Оттогаш и потекнува „последната желба“ пред смрт, односно последна цигара пред стрелање. Ние го имаме лулето од овој вториот, а од Рајли само луле од неговиот „Прв пушачки клуб на светот“, поради кој и го загубил животот. Од овие приказни има последици: Денес, ако некој ви рече да испушите „рајлиева цигара“ или да водите „рајлиев разговор“, тоа значи дека ве сменуваат од позиција или функција, ве бркаат од партија, или ве бркаат од работа. Тоа е лоша средба за вашата кариера. За разлика од „рајлиевиот муабет“, „кемпбеловиот муабет“ е уште полош. При таков муабет ви раскинува девојка, жената бара развод или друштво на пријатели се растура и се раскарува. Валентајн Кембел бил обесен во име на љубовта, па кога згаснува љубовта или пријателството тоа е последица на „кемпбеловиот чад“. Да ги немавме овие лулиња, немаше да ги раскажеме овие приказни.



Луле, новозеландско, слонова и коска од носорог, амбра, мершам, Лондон, XVIII век



Луле за печурки, метал, Мариово, II век пр.н.е.



Табакера
сребро, злато, опал, Диселдорф



Бурмутница
горски кристал, Чешка

Тутунот и животот во минатото, во нашиот Музеј се раскажани и преку ретките графики од XVII до XX век, на кои се гледа и модата на употреба на тутунот и облеката, навиките... Секоја од нив раскажува интересна приказна за едно време, за настани и за човечки мотиви кои воопшто не се смениле до сега.

Како и да е, ние имаме експонати за секој историски период кој го раскажуваме низ тие приказни, а „приказната е основен критериум за еден експонат да се најде во музејот за тутун“.



„Откуп на тутун во бали“, масло на платно,
Нино Славин, Прилеп, 1936 год.

Посети на Постојаната поставка

Постојаната поставка е сместена во сала од 250 м^2, во 24 витрини. Најголем број посетители досега биле од Израел и Холандија, па потоа од Германија, Србија, Турција, Бугарија, Австралија, Бугарија. Секако, посети сме имале скоро од сите земји на светот, вклучувајќи ги и далекуазиските.



Експонати на МТП од трите збирки



Посета на МТП од амбасадорката на Сојузна Република Германија Петра Дрекслер



Настан за персонал на Филип Морис, 2016 година

Александар Цветкоски
кустос советник

СПОМЕН ДОМ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“, с. Небрегово

Во живописната рурална средина на селото Небрегово, лоциран на јужните падини на планината Бабуна, се наоѓа Спомен домот на Блаже Конески, значаен културно-историски објект и објект од особено национално значење. Овој дом е родното место на Блаже Конески (1921-1993), еден од најголемите интелектуалци во поновата историја на Македонија, поет, лингвист, книжевен критичар, историчар на литературата и професор.

Родната куќа на Конески, изградена кон крајот на XIX или почетокот на XX век, претставува карактеристичен пример на македонската рурална архитектура. Таа е куќа на кат, од затворен тип, без отворен чардак, со периферно поставени помошни објекти кои ја заокружуваат традиционалната организација на семејниот живот. Преку својата архитектонска структура и материјална автентичност, овој објект го одразува социо-културниот амбиент во кој се формирал идниот творец на македонската јазична и културна матрица.



Родната куќа на Блаже Конески (претходна состојба)

Конески е признат како основоположник на современиот македонски литературен јазик. Тој одиграл клучна улога во кодификацијата и стандардизацијата на македонскиот јазик по Втората светска војна, бил еден од авторите на правописот, граматиката и првиот речник на македонскиот јазик. Неговата научна и книжевна дејност опфаќа широк спектар – од есеистика и преведувачка дејност, до антологиски поетски творби. Како еден од основачите и прв претседател на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), и

добитник на меѓународната награда „Златен венец“ на Струшките вечери на поезијата, Конески остави длабока трага во културниот и духовниот идентитет на македонскиот народ.

Денес, Спомен домот на Блаже Конески во село Небрегово, реставриран, конзервиран и за јавноста отворен на 01.08.2005 година, претставува меморијално место од највисока национална вредност – симбол на еден духовен и интелектуален темел врз кој се изгради современата македонска државност и култура. Тој е простор на сеќавање, но и на инспирација, кој преку автентичната поставка, документи и спомени, го чува ликот и делото на Конески за идните генерации.



Спомен дом „Блаже Конески”, с. Небрегово (сегашна состојба)

Со зачувувањето и афирмацијата на овој спомен дом, се негува колективната меморија и се потврдува значењето на јазикот како темел на идентитетот, дело кое Блаже Конески со посветеност и визија го изгради за македонскиот народ.



Работната соба на Блаже Конески (пренесена од бараката на Водно)



Сала за презентација



Кујна со вградено огниште



Дневна соба со колевката на Блаже Конески

Мимоза Христоска
виш кустос

ГАЛЕРИЈА НА ИКОНИ

Историски и културен контекст

На територијата на општина Прилеп се наоѓаат повеќе од стотина цркви и манастири, со исклучително богат фонд од над 4000 икони, создадени во различни периоди од познати и непознати зографи. Иконата, како духовна и уметничка форма, претставува „светлина на мудроста и мислата на духот“. Таа е производ на цивилизациското наследство – од античките корени, преку средновековието, па сè до современото време, и е сведоштво за соживотот на духовната и световната реалност.



Објектот во кој е сместена Галеријата на икони



Внатрешен изглед на Галеријата на икони

Галеријата на икони е сместена во објект кој првично бил првото женско училиште во Прилеп, изградено во 1881/82 година. Училиштето функционирало до крајот на основното образование, а потоа било користено за индустриски цели. Во доцните 1960-ти години зградата е напуштена и оставена да пропаѓа. Поради својата споменична вредност, изработена е техничка и проектна документација за негово адаптирање во галерија. Од 2002 година тука е сместена Галеријата на икони, со 66 икони и една значајна фреска од XII век. Иконите потекнуваат од XVI до XIX век.

Поставката започнува со делови од реконструирана фреска, од манастирската црква „Св. Архангел Михаил“ во Варош. Архангел Гаврил е претставен со извонредна уметничка обработка и автентичен колорит, карактеристични за комненската уметност. Ова дело, постаро од познатите Курбиновски ангели (1191 год.), претставува ремек дело на византискиот живопис. Во 1970-тите години било презентирано на изложби во Њујорк, Лондон и Стокхолм, претставувајќи ја македонската култура на највисоко меѓународно ниво.



Архангел Гаврил, фреска, XII век

Архангел Гаврил е претставен во полупрофил, со сериозен и достоинствен израз на лицето, што ја истакнува неговата улога како божји гласник. Главата е обвиена со нимб, традиционален знак на светост, а деталното моделирање на лицето со меки сенки ја нагласува индивидуалноста и човечката топлина на фигурата. Користената колоритна палета е дискретна, со топли тонови на лице и облека, што создава хармонична контраст со темната позадина. Линијата на цртежот

е сигурна и чиста, со внимателно истакнати очи, нос и уста, што е карактеристично за византиските фрескоживописи од оваа епоха.

Фреската е дел од богато програмиран иконографски циклус во црквата, каде што архангелите се прикажани како посредници помеѓу Бога и човекот, носители на пораки и духовни водители. Експонирана во Галеријата на икони во Прилеп, оваа фреска претставува значајно сведоштво за средновековната македонска духовна и уметничка традиција.

Особено значајна е иконата на Богородица со Христос, која била повторно откриена при конзерваторски истражувања. Под иконата на Христос од XVII век бил пронајден постар сликарски слој со ликот на Богородица. Делата се внимателно одвоени и реконструирани, што претставува редок пример на слоевита иконографска традиција. Строгоста и колоритниот третман ја сместуваат оваа икона во класичниот поствизантиски стил.



Икона на Богородица со Христос, XVI век

Триптихонот претставува подвижна икона составена од три табли, со централна композиција на Богородица со Христос, а на страничните крилја се прикажани светци – заштитници. Овој тип икони бил наменет за лична молитва и патувања, што ги прави значаен пример на побожност и приватна религиозна практика во поствизантискиот период.



Триптихон со Пресвета Богородица и Исус Христос

Иконата го претставува свети Ѓорѓи, еден од најпочитуваните воини – маченици, прикажан како седнат на престол – иконографски тип што го нагласува неговиот култ и статус на небесен заштитник. Околу централната фигура се распоредени сцени од житието на светецот: чудесни избавувања, маки и конечното маченишство. Ваквиот житиен иконографски циклус е карактеристичен за поствизантиското сликарство каде наративниот елемент ја засилува духовната порака и ја нагласува улогата на светецот како пример на вера и истрајност.



Св. Ѓорги Полошки, 1630 год.

Еден од највредните експонати е Деисисот, изработен од архиѓаконот Јован. Деисисот е иконографска композиција во која Христос е прикажан како Седржител, а од двете страни се Богородица и свети Јован Крстител во молитвен став. Композицијата симболизира посредништво и застапништво за човечкиот род пред Христос, па затоа има централно место во византиската и поствизантиската иконографија, особено во иконостасите и монументалното сликарство.




Деисис, 1535 год.



Свети Христифор, XIX век

Свети Христофор, маченик од III век, е еден од најпочитуваните патрон светци во христијанството. Неговата иконографија се развива врз основа на легендата за преносот на Христос преку река – момент кога Христофор го добива името „Христоносец“. Во византиската и поствизантиската традиција, светецот најчесто се прикажува како висок и силен човек што на рамото го носи младенецот Христос, потпирајќи се на стап кој често се изобразува како дрво што оживува – симбол на

духовна преобразба и нов живот. Во одделни балкански примери од XVдо XVI век, се среќава иконографската варијанта со кучеглав лик (кенокефал), што сведочи за средновековни слоеви на легендите и за трансформацијата на паганski во христијански мотиви. Почитуван како заштитник на патници и патишта, Христофор е дел од богатата галерија на светци прикажани во македонското поствизантиско сликарство, каде се комбинираат традицијата на источната црква со локални уметнички особености.



Ерусалимската плаштеница, 1870 год.

Ерусалимското платно претставува редок пример на поствизантиско религиозно сликарство од XIX век, создадено во 1870 година од непознат мајстор. Изработено е на импрегнирано платно со гипсан грунд и темперни бои. Овој тип платна, инспириран од Светата земја, има функција на богословска илустрација и литургиски предмет. Иконографската програма ја опфаќа целата историја на спасението – од старозаветните сцени (Адам и Ева, потопот, Аврам, пророци и цареви Давид и Соломон) до новозаветните случувања од животот на Христос (раѓање, крштевање, голгота, симнување од крстот, оплакување). Централна тема е Второто пришествие, прикажано со Христос како цар и судија, со апостолите како порота, Архангел Михаил со вагата на душите, рајот и пеколот.

Иконописот низ вековите може да се следи низ поставката каде се препознава XVI-XVII век, силно влијание на византиската традиција, со нагласен колорит и класична строгост. Дел од најзначајните центри во овој период се Охридската и Зрзевската школа. Потоа XVIII век – период на застој поради ограничувањата на Отоманската империја. Сепак, дел од експонатите, како циклусите со големи празници и престолните икони, и понатаму носат вредност. И на крајот XIX век – време на подем благодарение на развојот на занаетчиството. Се јавуваат големи мајстори од Реканскиот крај (Гари, Тресонче, Лазарополе), Крушево (Коста Атанасов) и Прилеп (Адамче Најдов-Адамче зограф и Јован Атанасов – Јован Прилепчанин). Тие внесуваат нова свежина во иконописот, со богат колорит, примена на позлата и индивидуализирани световни карактери, особено во претставите на Пресвета Богородица.

Културната и образовна улога на Галеријата на икони во Прилеп не е само како изложбен простор, туку и како образовен и културен центар. Таа овозможува непосреден допир со делата на зографите од различни векови, претставувајќи еден вид „визуелна историја на духовноста“. Со својата педагошка улога, Галеријата на икони ја приближува уметноста и културното наследство на ученици, посетители и меѓународни делегации, станувајќи место каде што минатото и сегашноста се спојуваат во трајна вредност. Таа претставува синтеза на архитектонско наследство и уметничко богатство.

Во објектот на „Бабанеделино училиште“ се чува повеќевековна уметничка традиција, што го потврдува континуитетот на духовната култура. Со богатството и разновидноста на својата збирка, меѓу кои и иконите на свети Христофор и светото Тројство, таа претставува непроценлив сегмент од културното наследство на Прилеп и Македонија.

Мимоза Христоска
виш кустос

АРХЕОЛОШКА ПОСТАВКА

Одделението за археологија постои од формирањето на Народниот музеј во Прилеп, односно од 1955 година, кој во 1981 година прераснува во НУ Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј, а додека во 2003 година го добива денешното име Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп.

Одделението за археологија во 1960 година е поделено на четири реферати: Реферат за праисторија, Реферат за антика, Реферат за среден век и Реферат за нумизматика. Во 1961 година во рамките на зградата на музејот поставена е Постојана археолошка поставка.



Во 2011 година Постојаната археолошка поставка е преуредена и збогатена со голем број нови музејски експонати, цртежи и фотографии.



Во Постојаната археолошка поставка изложен е еден недвижен и броен движен археолошки материјал кој потекнува од голем број археолошки локалитети од подрачјето на прилепскиот дел на Пелагонија и Мариово. Археолошкиот материјал е добиен по пат на археолошки ископувања, рекогносцирања, откуп и поклон и потекнува од времето на праисторијата, преку антиката, па сè до доцниот среден век.

Во неа праисториското одделение е застапено со околу 470 експонати кои датираат од раната фаза на неолитот, па сè до доцноархајскиот период (односно од почетокот на VI милениум па сè до VI–V век пр.н.е.). Изложени се бројни керамички садови со разни форми кои праисторискиот човек ги користел во секојдневниот живот, потоа предмети поврзани со духовниот живот, култот и религијата на заедниците кои ги населувале овие простори, како и орудија и оружје изработени од камен, животински коски или метал. Изложени се и повеќе парчиња од накит со разни типови и форми изработени од коска и метал.



Во Постојаната поставка изложен е уникатниот култен објект – жртвеник/амбар, пронајден во Градбата 1 на неолитскиот локалитет Врбјанска Чука. Според начинот на градење и димензиите, претставува единствен од овој вид на просторот на Република Северна Македонија, но и пошироко на Балканот.



Античкиот период е претставен со бројни наоди кои говорат за секојдневието на луѓето во времето на владеењето на македонските кралеви и во времето на моќната Римска империја. Тоа се разни керамички и метални садови, накит од злато, сребро и бронза, како и орудија и други предмети со различна намена. Од оружје, се издвојуваат железниот шлем од Градиште кај селото Дебреште и штитовите со името на македонскиот крал Деметриј I.



Мошне импресивни се мермерните наоди кои претставуваат божества, но и видни граѓани. Особено се значајни оние пронајдени со истражувањата на градот Стибера кај Чепигово. Во изложбената поставка презентирани се и теракотни и бронзени фигурини на античките божества.



Археолошките предмети од средновековниот период изложени во постојаната археолошка поставка потекнуваат од локалитетите: Маркови Кули – Варош, Градиште, село Дебреште, Илино, село Лениште, Страгата, село Крушевица, Врбјанска Чука, село Славеј, како и просторот околу црквите „Св. Никола“ во село Манастир и „Св. Ѓорѓија“ во село Пресил. Најголем број се од локалитетите: Задна Река – Грмајте кај село Витолиште и Трпчева Црква кај село Дуње.



Предметите датираат од раниот до доцниот среден век. Воглавно станува збор за движни археолошки наоди, од кои повеќето се украсни предмети како наушници, обетки, ѓердани, приврзоци, белегзии, прстени – изработени од сребро, бронза, железо, стакло и стаклена паста. Некои од нив имаат апотропејска улога, како што се енколпионите и приврзоците

крстови, кои најдиректно се поврзани со христијанизацијата на словенската популација. Во предметите кои освен украсна имаат и практична намена се вбројуваат: појасни токи, копчиња за облека и аграфи, изработени од бронза и сребро.



Од предметите за секојдневна употреба застапени се керамички садови кои според намената и нивната функција се дел од кујнската или трпезната керамика. Застапени се и орудија за работа: разни форми на струшки, ножеви, српови и сл., како и оружје и опрема: копја, стрелки, мамузи и дел од панцир кошула, изработени од железо.

Богатството на средновековен движен археолошки материјал сместен во постојаната археолошка поставка зборува за интензивното живеење во овој период на овие простори.



Ацо Миткоски, *кустос советник*
Душко Темелкоски, *кустос советник*
Габриела Христовска, *кустос*

ЗБИРКА „ЕПИГРАФСКИ СПОМЕНИЦИ И КАМЕНА ПЛАСТИКА“

Збирката „Епиграфски споменици и камена пластика на НУ Завод и Музеј – Прилеп“ содржи музејски предмети кои датираат од античкиот до ранохристијанскиот период, од кои најбројни се оние од римскиот царски период (I–III век). Збирката поседува извонредно значајни надгробни и антропоморфни стели, епиграфски споменици, портретни бисти, почесни и митолошки статуи, статуети, глави на мажи и жени, подножја на статуи, релјефни скулптури, вотивни релјефи, ари, архитектонска камена пластика, два сончеви часовници и две мерни маси. Збирката опфаќа камени споменици од археолошки локалитети од Прилепскиот Регион.



Лапидариум, НУ Завод и Музеј – Прилеп

Од 2019 година НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп добива изложбен простор – Лапидариум, каде што се сместени повеќе мермерни музејски предмети, а остатокот од мермерните предмети се наоѓа во Постојаната археолошка поставка и депоата за археологија при НУ Завод и Музеј – Прилеп.

Евиденцијата на камени споменици во Прилеп започнува пред околу 100 години, односно меѓу двете светски војни. Со обемот на теренски истражувања се истакнува српскиот класичен филолог Никола Вулиќ, кој своите согледувања ги презентира во стручни публикации. Посериозен пристап кон археолошката наука е воведен со започнување на првите официјални истражувања по Втората светска војна,

реализирани од страна на Археолошкиот музеј – Скопје. Големо значење за прилепскиот регион претставуваат првичните ископувања од 1953 година на археолошкиот локалитет Бедем, кај селото Чепигово, предводени од Душанка Вучковиќ Тодоровиќ. При откривањето на Храмот на заштитничката на градот – божицата Тихе, пронајдени се мошне вредни наоди од мермерна антропоморфна пластика, епиграфски споменици, портретни бисти, статуи на видни граѓани и божества од римскиот пантеон.

Со формирањето на Народниот музеј – Прилеп (денес НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп) се интензивираат истражувањата на археолошките локалитети во поширокиот Прилепски Регион. Со рекогносцирања и археолошки ископувања пронајдени се голем број епиграфски споменици и камена пластика кои ја надополнуваат претставата за животот на луѓето во античките периоди и раниот среден век.

Покрај д-р Бошко Бабиќ – основоположникот на прилепската археологија, голема е заслугата и на кустосите Костадин и Лилјана Кепески за почетоците на инвентаризација и стручна анализа на каменатa пластика, кои во периодот од 1984 до 2011 година ја збогатуваат збирката со атрактивни наоди мермерна пластика и епиграфски споменици. Истражувањата ги продолжува кустосот Душко Темелкоски, кој од 2014 година постојано ја дополнува со исклучителни предмети од мермерна пластика и епиграфски споменици. Најрепрезентативни наоди во Збирката претставуваат мермерната антропоморфна пластика и епиграфските споменици од античка Стибера.

Дел од збирката се и надгробни стели (теоморфни со мотив „ракување со десната рака“, (грч. „dexiosis“, лат. „dextrarum iunctio“), стели со претстава на Диоскури и антропоморфни стели, кои во фунерарната уметност се користеле за погребни или комеморативни цели. Едни од исклучително значајните надгробни стели во оваа Збирка се и теоморфните антички надгробни стели кои се карактеристична појава за Пелагонија. Покојните преку иконографските атрибути на божества (consecratio in formam deorum) го откриваат портретниот модел Афродита – Хераклe, прикажани во исто релјефно поле (sunnaoi theoi) или одделно. Изведбата на релјефните полиња на теоморфните стели се стандардизирани иконографски слики во текот на целиот римски царски период. Античката фунерарна практика има цел да ги претвори овие

споменици во слики на „приватни“ апотеози, претставувајќи ги покојните во ликот на Херакле и Афродита, односно по трансформацијата да добијат небесна, божествена форма.

Во Пелагонија карактеристични се надгробни стели со фронтон, најчесто триаголен, со или без акротерии, декоративни елементи, релјефно и натписно поле. Тие во горниот дел на стелата имаат поле со релјеф со митолошки сцени или сцени од животот на покојникот. Иконографијата на релјефните полиња е одраз на ритуални, есхатолошки и социо-историски сцени. Есхатолошките сцени на надгробните стели овозможуваат запознавање со културниот контекст на фунерарните симболи на стелата, односно идејата за задгробниот живот кај античките народи, нивните церемонии поврзани со погребувањето, како и со желбата да ја демонстрираат својата општествена моќ, токму преку вечноста на мермерот (Надгробни стели со фунерарен банкет, односно „Totenmahl“, надгробна стела со претстава на Диоскури и женско божество). Релјефните полиња на стелата заедно со епиграфските натписи ги содржат потребните информации за идентификување, го означуваат присуството на смртта меѓу живите, но исто така служат и како активатори на колективната меморија и претстава за лиминалниот концепт меѓу животот и смртта. Примарната цел на античката есхатологија и античката сепулкрална уметност е визуелизацијата на идејата за живот после смртта и интерпретацијата на надгробните стели, заедно со невербалната комуникација: гроб – гледач, која предизвикува емоции.



Стела, Стибера



Стела, Градиште, с. Дебреште

Стелите потекнуваат од различни локалитети од Прилепскиот Регион: Стибера, с. Чепигово, Градиште, с. Дебреште, Тумба и Соколица, с. Браилово, Антови Ливади, с. Никодин, с. Небрегово, Грамадина, с. Беловодица, Градиште, с. Пештани и други.

Епиграфските споменици од Збирката на НУ Завод и Музеј – Прилеп, нудат мошне вредни сознанија за социјалната структура на локалното општество во периодот пред доаѓањето на Римјаните, односно симбиозата на изворниот начин на живот на автохтоното население со нововоспоставените правила на Римската империја. Натписите, кои се на старогрчки јазик, се однесуваат на одредени настани или појави во културниот и политичкиот систем на Римската држава. Преку ономастичката формула, применета на имињата на жителите, дознаваме за функциите и поделбата на жителите на перегрини и граѓани, како и за функциите што им припаѓале, согласно нивниот статус во политичкиот и јавен живот на градот, како и за начинот на функционирање на институциите, особено во римскиот царски период.

Според натписите Стибера била организирана како полис со својата територија (областа Дериоп), имала и свои органи на власт.

Од натписите на Стибера дознаваме дека во Стибера имало свештеници и првосвештеници во Храмот на императорите и советот на неокорите на Септимии Аврелии Стиберски, исто посведочени на натписи, Флавија со почесна титула ќерка на градот доделена од советот и народот на Стибера, шест свештеници и првосвештеници на божества, еден антархон, двајца агораноми, од кои едниот, Ајлиј Химнос, ја подарува мерната маса со мерилата со кои се служи градот. Натписите од Стибера во период I–III век го носат споменот за околу 350 лица, меѓу населението циркулирале 174 имиња од грчко, грчко-македонско и локално потекло и 72 имиња од латинско потекло.

Особено омилени имиња меѓу населението на Стибера што се сретнуваат мошне често се Paramonos (54 пати), Zoilos (36), Antigonos (16), Dionysios (19), Philon (18), Philippos (19). Има имиња што се сретнуваат во Стибера, но не во другите делови на Македонија: Ајсхин, Антифан, Аристократ, Дионисофан, Конон, Меланип.

Имињата Александар, Аминта, Антигон, Орест, Филип имаат долга традиција и се документирани уште од конституирањето на македонската држава, прво како имиња на

македонските кралеви и аристократијата, а потоа широко прифатени кај народните маси. И покрај долгото присуство на Римјаните и нивната ономастика, сепак, силната традиција на овие имиња сè уште опстојува и тие се едни од најчестите во Стибера.

Посебна категорија имиња застапена на натписите во Стибера се имињата од негрчко потекло, епихорски имиња: Alys, Basos, Beithys, Doules, Manios, Mestys, Mestris, Mestylas, Posis, Seita и кралското пајонско име Dropion.

Натписите кои се дел од Збирката на епиграфски споменици и камена пластика при НУ Завод и Музеј – Прилеп се пронајдени на археолошките локалитети од Прилепскиот Регион: Бедем, с. Чепигово, Градиште, с. Дебреште, Пештера, с. Пештани, Тумба, с. Браилово и други.



Епиграфски споменик на Септимиј Лик, Стибера

Статутите се најчесто изработени од локалниот мермер кој доаѓа од каменоломот Сивец, а се наоѓа на околу 20 километри оддалеченост, во близина на градот Прилеп. Станува збор за бел доломитски ситнозрнест мермер. Статуите ни ги приближуваат ликовите на заслужните граѓани од пелагониските и дериопските антички населби. Од скулптурираните фризури и облека се добива одредена претстава за општествениот статус на претставените ликови. Повторно, во Стибера се пронајдени највредните примероци скулптури, не само на видни граѓани од римскиот царски период (I – III век), туку и на божества од римскиот пантеон, кои биле почитувани од нејзините жители. Меѓу порепрезентативните примероци од Збирката се почесните статуи: портретна биста на Фаустина Изида, статуи на мажи од типот Химатиофор, Мала и Голема Херкуланка, статуи на млада жена и вотивни статуи, сочувани глави на мажи и жени и други. Исклучителната обработка на портретната биста на Фаустина Помладата, откриена во Стибера е прикажана во облеката на Изида, којашто била моќна персонификација на

Анона или производството и дистрибуцијата на жито во средината на вториот век.

Портретните машки и женски глави од колекцијата, особено според начинот на третирање на фризурите, имаат најблиска споредба со приказите од династијата на Северите. Во делот на митолошки скулптури особено место има статуата на Хермес од типот Ришелие, статуата на Нике, како и статуета на божество кое може да се идентификува како Аполон или Дионис.



Статуа на маж, Стибера



Статуа на Нике, Стибера



Мала Херкуланка, Стибера



Биста на Фаустина II, Стибера

Како дел од Збирката се и група вотивни споменици, кои ја демистифицираат сликата за верувањата на луѓето во антиката. Меѓу божествата кои ги почитувале на дел од спомениците од различни локалитети се: Хермес (ара, Стибера), Меркур (Стибера, с. Чепигово, вотивни ари од Средсело, с. Мажучиште и од црквата Св. Никола, с. Беровци), Афродита (скулптура, с. Пештани и с. Прилепец), хероизиран покојник (стела, с. Небрегово, вотивни релјефи од с. Галичани, црква Св. Архангел Михаил, Варош, Ташачица, Варош, Стибера и др.), Афродита, (Али Чаир, Прилеп, Стибера), Хераклe, (вотивна плоча, Стибера и др), Диоскури (надгробна стела од Градиште, с. Пештани, релјеф, с. Тројкрсти, стела, Баблеица, с. Чепигово), Деметра (вотивен релјеф од Али Чаир, Прилеп), Телесфор

(скулптура, црква Св. Никола, с. Топлица), Асклепиј (вотивни релјефи, с. Ракле, с. Ореовец, с. Плетвар), Фортуна (вотивен релјеф, Прилеп), Дионис (вотивен релјеф, с. Ракле) и други.

Во архитектонската камена пластика од Збирката се вклучени и неколку впечатливи примери декоративни елементи од Стибера и ранохристијански наоди – архитектонски елементи од локалитетот Моклишки Рид, с. Витолиште и капители од црквите Св. Архангел Михаил и Св. Никола – Варош, како и од локалитетот Манастириште, с. Небрегово, Пештерица, с. Ореовец, Гробишта, с. Големо Мраморани, с. Сенокос и други.



Капител, Св. Архангел Михаил, Варош



Капител, с. Небрегово

НУ Завод и Музеј – Прилеп поседува два единствени примероци на античката метрологија – мерни маси. Едната е откриена на агората во градот Стибера. Другата е исто така целосно сочувана, а откриена како случаен наод во непосредна близина на селото Дупјачани.



Мерна маса, Стибера

Оливера Јандреска
виш кустос

ЕТНОЛОШКА ПОСТАВКА
„ЖИВОТОТ НИЗ ЗАНАЕТИТЕ И ТРАДИЦИЈАТА“

Оваа поставка го претставува материјалниот одраз на традициската култура и стопанисувањето.

Постојаната етнолошката поставка е отворена на 22.09.2021 година од двајцата етнолози Горанчо Цветкоски и Петре Чагороски. Изложбата го претставува производството и стопанисувањето во Прилеп и прилепско со акцент на занаетчиството.



Етнолошката комбинирана изложба опфаќа материјална, етно култура од урбан и рурален карактер. Покрај занаетчиски и полјоделски алатки, претставени се предмети од некогашното секојдневно живеење, посебно во селски услови.

Оваа поставка со својата содржина, со предметите од повеќе периоди и тематика е интересна за сите возрасти, особено за учениците како едукативен материјал и запознавање со минатото, начинот на живеење, користењето разни предмети, занаети и целокупното наше културно богатство.

Поставката се состои од: носии и различни видови ткаеници; занаетчиски и полјоделски алатки и производи; предмети поврзани со ритуали; мебел и покуќнина.

Концептуално, поставката опфаќа четири сегменти:

- Витрини за поситни занаетчиски предмети, без ритуална содржина;
- Централен партерен дел со маса („чесна трпеза“) со столици, садови и прибор за обедување;
- Партерен дел кој претставува дневна селска соба со типични предмети и карактеристичен мебел. Во овој дел се изложени и две мариовски носии;
- Слепи ниши за изложување предмети.











Александар Цветкоски
кустос советник

СУВЕНИРНИЦА

Во градот под Марковите Кули, во центарот на градот херој Прилеп, се наоѓа продавницата за сувенири и копии од музејски експонати.

Во неа исто така можете да најдете голем избор производи како магнети, брошури, разгледници, филиграни, сложувалки итн.

Сите туристи можат да најдат спомен кој ќе го понесат во своите родни земји, да се сеќаваат на нашата Македонија, пречекани со насмевка и љубезност.






СПОКУВАЛКА


I Love
Prilep



СОДРЖИНА

ЗАШТИТА И КОНЗЕРВАЦИЈА НА НЕДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

АРХИТЕКТУРА

Византиска архитектура 4
Поствизантиска архитектура 12
Архитектура во преродбенскиот период 15
Исламска архитектура 17
Градска архитектура 19
Заштита и конзервација на живопис 23

НЕДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Список на регистрирани споменици на културата за Општините Долнени, Кривогаштани, Крушево и Прилеп 34
Одделение за заштита, конзервација и реставрација 41
Техничка (илустративна) документација 50
Одделение за документација 53
Одделение за правни, административни, општи работи и човечки ресурси 55
Специјализирана библиотека 58

МУЗЕИ И ПОСТАВКИ

Меморијален музеј „11 Октомври 1941“ 62
Меморијален музеј „Кузман Јосифоски – Питу“ 68
Музеј за тутун 71
Спомен дом „Блаже Конески“, с. Небрегово 97
Галерија на икони 100
Археолошка поставка 107
Збирка „Епиграфски споменици и камена пластика“ 112
Етнолошка поставка 120

Сувенирница 123



CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

7.025.3/.4:930.85]:069(497.785)
930.85:069.5(497.785)

ОД артефакт до идентитет, седум децении културна меморија : заштитна дејност и поставки / [уредници Биљана Темелкоска, Паре Заревска ; фотографии Димитрија Димески]. - Прилеп : НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2025. - 127 стр. : фотографии ; 24 см

ISBN 978-608-4511-18-2

а) НУ Завод и Музеј - Прилеп -- Културно наследство -- Заштита, конзервација и реставрација б) Културно наследство -- Музејски поставки -- Прилеп

COBISS.MK-ID 67510533





"Да се заштити
културното
наследство значи
да се зачува
душата на
еден народ
-неговите приказни,
симболи и идентитет
впишани во камен,
ткаенина
звук и тишина."







